# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 03.02.2023 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 01 - Година 2023** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год;
2. Одлука за давање согласност на одлуката од УО на ЈКП Комуналец за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата;
3. Одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година;
4. Одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2026 година;
5. Одлука за давање на користење движни ствари противпожарна опрема на доброволно противпожарно друштво Пехчево;
6. Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
7. Одлука за именување на член на надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
8. Одлука за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2022/2023 година;
9. Одлука за разрешување и именување на член на училишен одбор во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево;
10. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево;

11. Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2023 година;
12. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година;
13. Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот ,,Уредување на речно корито на Пехчевска река,, во Пехчево;
14. Колективен договор - општина Пехчево;

Бр. 09-194/1 | Градоначалник на
03.02.2023 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/2
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 62 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 3 став 1 точка 3, член 10 став 3 и член 11 од законот за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/2015, 192/15, 23/16), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год**

**Член 1**

За користење на просторот пред деловните објекти - јавни површини (угостителски објекти, кафичи ресторани, сендвичари и објекти) за вршење на дејност се одредува тарифа за комунална такса по $м^2$ (метар квадратен) за завземена површина во висина од 5,00 ден дневно.

**Член 2**

За поставување на фрижидери за сладолед, тезги, подвижни објекти (колички) објекти за продажба на разни видови слатки и бели пецива, и друго надвор од деловните објекти, плоштади се наплаќа по $м^2$ (метар квадратен) за завземена површина во висина од 30,00 денари дневно.

Минималната завземена површина е $3м^2$.

**Член 3**

Просторот пред деловната просторија што се користи за вршење на дејноста се определува со сезонско посебно решение.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ке се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-180/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за давање согласност на одлуката од УО на ЈКП Комуналец за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на одлуката од УО на ЈКП Комуналец за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/3
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.02.2023 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање согласност на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата, бр. 02-800/3 од 12.12.2022 е составен дел на оваа одлука

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-181/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-800/3
12.12. 2022 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019 и 89/2022), член 4 и член 8 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија (Службен весник на РМ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18 и Службен весник на РСМ бр. 124/19, 239/19 и 41/2022) и член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево на седницата одржана на ден 12.12.2022 година донесе

**ОДЛУКА**
**за усогласување на платата на вработените согласно Законот за минимална плата**

Член 1

Со оваа Одлука Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево согласно член 4 и член 8 од Законот за минимална плата во Република Северна Македининија (Службен весник на РМ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18 и Службен весник на РСМ бр. бр. 124/19, 239/19 и 41/2022) одлучи линеарно да се зголемат платите на сите вработени во ЈКП "Комуналец" - Пехчево, освен за оние за кои веќе имаше зголемување по основ на зголемување на минималната плата.

Член 2

Усогласувањето на платата се врши согласно член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 41/2022).

Член 3

Одлуката влегува во сила по добивањето согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Прилог: Табела на работни места кои треба да се усогласат согласно Законот за минимална плата.

12.12.2022 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

ЈКП Комуналец Пехчево

ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО

Ул.Јулија Веселинска бр 40 2326 Пехчево Р.С.Македонија

Тел 00389 033 441 159

e-mail jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

## РАБОТНИ МЕСТА КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСОГЛАСАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА

| Р.БР. | РАБОТНИ МЕСТА | ВРАБОТЕНИ БР. | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1. | Водоинсталатер на градски водовод | 3 | 1 280,00 |
| 2. | Возач на комунално возило | 1 | 1 280,00 |
| 3. | Ракувач со градежна машина | 1 | 2 800,00 |
| 4. | Електричар | 1 | 2 800,00 |
| 5. | Технолог | 1 | 2 800,00 |
| 6. | Раководител на одд. за водоснабдителни објекти | 1 | 2 800,00 |
| 7. | Раководител на сектор за финансиско работење | 1 | 2 800,00 |
| 8. | Раководител на одд. за сметководство и финансиска оператива | 1 | 2 800,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Раководител на одд. за општи правни работи и човечки ресурси | 1 | 2 800,00 |
| 10. | Магационер | 1 | 2 800,00 |
| | | ВКУПНО | 27 520,00 |

Пехчево

____________

Изработил

Марија Д. Милевска

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОМУНАЛЕЦ" П.О. ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/4
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година.

**Член 2**

Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-182/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---



**Стратегија за родова еднаквост на регионот ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО И ПЕХЧЕВО**
**за периодот 2023 - 2026**

Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година е изработена во рамки на проектот „Стој цврсто за родова еднаквост“.

Проектот е иплементиран од НВО„КХАМ“ Делчево.

Содржината на оваа публикација е изработена со помош на The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска и е единствена одговорност на НВО„КХАМ“ Делчево и во никој случај не ги одразува ставовите на The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.

**С О Д Р Ж И Н А**

**В О В Е Д** ..... 11

**ДО СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ, ПРЕКУ ИНКЛУЗИВЕН И ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ** ..... 11

**РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ** ..... 11

**ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО РЕГИОНОТ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО, ПЕХЧЕВО /чекори/** ..... 12

Чекор 1, СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 12

Чекор 2, ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ..... 12

Чекор 3, ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ ..... 12

Чекор 4, РЕВИЗИЈА И ФИНАЛИЗАЦИЈА НА ПРВИОТ НАЦРТ ..... 13

**ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТОВ** ..... 13

**РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО РЕГИОНОТ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО, ПЕХЧЕВО /СОСТОЈБИ ВО 2022/** 14

**СТРАТЕГИЈА** ..... 17

**ВИЗИЈА** ..... 17

**ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ** ..... 17

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ** ..... 17

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;** ..... 17

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики** ..... 19

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население** ..... 19

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза** ..... 20

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5: Здравство** ..... 21

**БУЏЕТ** ..... 21

**МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА** ..... 22

**ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** ..... 22

**КООРДИНАЦИЈА** ..... 22

**СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ** ..... 23

**СТРАТЕШКА КОНТРОЛА** ..... 23

**В О В Е Д**

**ДО СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ, ПРЕКУ ИНКЛУЗИВЕН И ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ**

Документот „Стратегија за родова еднаквост“ општините Делчево, Берово и Пехчево, за периодот 2023 – 2026 година (во понатамошниот текст, Стратегијата за РЕ) е изработен во периодот октомври - ноември 2022 година. Овој документ се базира врз основа на претходна анализа на постигнивањата од актуелната Стратегија за РЕ 2020 – 2022. Стратегијата е подготвена на партиципативен начин со учество на сите засегнати страни, притоа родово балансирани и тоа: сите членови на Комисиите за еднакви можности од сите три општини, советници во општините, вработени во општинската администрација како и претставници на граѓанскиот сектор. Истите дадоа значителен придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги претставува и вклучува и потребите и проблемите поврзани со родова нееднаквост во регионот, како и предлозите на засегнатите страни за превенција и надминување на истите.
Партиципативното стратешко планирање кое беше имплементирано при креирањето на овој документ, во својата основа е демократски процес за утврдување на почетните состојби и потребите на граѓаните, потоа ревидирање/ креирање на визија и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на една општина и регион и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ.
Со имплементацијата на Стратегијата за РЕ ќе се придонесе кон инклузија во општествените текови и еднакви можности на сите граѓани, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од регионот во целост.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Како што е претставено во Националната стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027, достапна на веб сајтот на Министерството за труд и социјална политика, родовата еднаквост односно недискриминацијата по род е базично начело, воспоставено со Уставот на државата.

Уставот на Република Северна Македонија гарантира дека „граѓаните се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните се еднакви пред Уставот и законите“.

Овие уставни одредби се елаборирани и во повеќе законски акти. Така, во Законот за еднакви можности, на сеопфатен начин се третира прашањето на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација по основа на пол. Покрај тоа, на ова прашање му се посветува внимание и во низа други закони, посебно од областа на кривичното, семејното и работното законодавство, кои ја регулираат забраната за дискриминација во одделни домени и го промовираат принципот на еднаквост.

Остварувањето на еднаквите можности на мажите и жените, овозможува еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на нивните права, како и еднакви придобивки од остварените резултати.
Во овој контекст, работењето кон целта за постигнување на вистинска родова еднаквост и справување со постојните нееднаквости, често значи да се работи различно со жените и мажите, и да се признае

дека мажите и жените имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и придонесуваат за развојот на различни начини.
Досегашното искуство, изразено преку конкретни достигнувања, покажува дека тековните општествени процеси насочени кон промовирање, зајакнување и спроведување на родовата еднаквост, ја налагаат потребата за еден нов стратешки пристап кон овој важен аспект на човековото живеење и во предметниот регион.

## ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО РЕГИОНОТ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО, ПЕХЧЕВО /чекори/

### Чекор 1, СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Носителот на проектот, НВО „КХАМ“ од Делчево во рамки на проектот “Стој цврсто за родова еднаквост“, преку тимот кој е одговорен за неговата имплементација, спроведе активности кои што беа предвидени со проектот, а беа насочени кон формирање на тим кој ке биде активен учесник но и главен креатор како на Стратегијата, така и на Акциските планови преку кои истата ќе се имплементира. Членови на овој тим беа сите 21 член на Комисиите за еднакви можности /КЕМ/кои се формирани во 3-те општини, проектниот тим кој што го имплементира проектот, како и други членови на КХАМ како волонтери и неколку претставници на други локални НВОи од овие општини.

### Чекор 2, ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ

За да се развие комплетно Стратегијата за еднакви можности на регионот Делчево, Берово и Пехчево, проектниот тим организираше една дводневна работилница во ноември 2022 година.
Работилницата беше посветена на ревизија на актуелната Стратегија за РЕ 2020 – 2022. Тимот за креирање на стратегијата предводен од проектниот тим и стручниот консултант беше изразено ефективен и ефикасен и ги одреди Визијата, Областите на делување, Приоритетите, Стратешките и Оперативните програмски цели, Клучните активности и рокови. Беше направена и СВОТ /SWOT/ анализа на регионот во однос на секоја од 4-те области на делување. Иако резултатите од оваа анализа не се експлицитно представени во документов, истите се земени предвид, а дел од првичните размислувања и идеи, на основа на оваа анализа, беа иземени од страна на тимот.
На работилницата се ревидираа и акциските планови за еднакви можности на мажите и жените во општините Делчево, Берово и Пехчево. Во рамки на процесот се одредија и очекуваните резултати и потенцијалните показатели на успех /индикатори/ како и Буџетот на стратегијата кои пак покрај тоа што ќе бидат претставени во Акциските планови, свое место ќе најдат и во соодветни пасуси на овој документ.

### Чекор 3, ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ

После реализацијата на работилницата, врз основа на резултатите од истата, стручниот консултант во соработка со тимот на НВО„КХАМ“, го разви првиот нацрт.

## Чекор 4, РЕВИЗИЈА И ФИНАЛИЗАЦИЈА НА ПРВИОТ НАЦРТ

После првичната презентација и деталното ревидирање на првиот нацрт, Стручниот Консултант го финализираше нацртот. Истиот му беше доставен на тимот одговорен за имплементација на проектот кој понатаму е одговорен за иницирање на процес на јавна промоција, како и официјално усвојување на истиот од страна на советите на општините Делчево, Берово и Пехчево.

## ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТОВ[1]

Еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија се загарантирани со **Уставот** како највисок правен акт, но воедно и голем број на закони забрануваат дискриминација врз основа на пол и содржат одредби со кои се инкорпорира родовиот концепт во домашната законска регулатива. Со законските одредби нормативно се обезбедени еднаквите можности на жените и мажите во државата. Практичната имплементација на концептот на воспоставување на еднаквите можности започна уште во 1999 година, кога Република Македонија го усвои својот **прв Национален план за акција за полова рамноправност**. Истиот се однесуваше на унапредувањето на родовата рамноправност во десет стратешки области.

Следејќи ги добрите примери од европските земји и земјите во регионот во делот на родовата еднаквост, Собранието на Република Македонија во мај 2006 година го донесе **Законот за еднакви можности на жените и мажите**. Согласно со истиот, беше усвоен и **вториот Национален план за акција за родова рамноправост /НПАРР/** за периодот од 2007 до 2012 година. Изминатите години беа посветени на имплементацијата на Законот за еднакви можности и воспоставувањето на механизмите на национално и локално ниво, со цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Заради понатамошна хармонизација на нашето законодавство со европските стандарди и вградување на препораките на меѓународните организации, **во јануари 2012** година, беше донесен **нов Закон за еднакви можности на жените и мажите**. Со донесувањето на Законот се доуреди прашањето за воспоставувањето на еднаквите можности и еднаков третман на жените и мажите, се предвиде донесување на основни и посебни мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, се утврдија правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите, како и постапката за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите, односно заштита на правата во случај на утврден нееднаков третман на жените и мажите од страна на застапникот за еднакви можности на жените и мажите. Во моментот на подготовка на Стратегијата се подготвува и нов закон за родова еднаквост кој ќе се стреми кон поголема усогласеност со меѓународните стандарди, барања и директиви.

Значаен напредок во промовирањето и заштитата на еднаквите можности, преку еден покомплексен пристап кон овие прашања, дополнително се направи со донесувањето на **Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој претставува заокружена правна рамка за заштита од дискриминација по разни основи. Законот има за цел да обезбеди мерки и активности за спречување на дискриминацијата, но воедно, воспоставува соодветни механизми и средства за правна заштита во случај на дискриминација по различни основи. Поради тоа, овој закон претставува особено значаен инструмент во справувањето со двојната и повеќекратна дискриминација со којашто особено се соочуваат жените како резултат на интерсекцијата на родот со другите идентитети.

Во контекст на економското јакнење на жените и намалување на сиромаштијата и високата стапка на невработеност на женската популација, значајни се одредбите кои се внесени во **Законот за работни односи**. Според него, жените и мажите имаат исти права и можности за пристап на пазарот на трудот

[1] *Текстот е минимално адаптиран и е превземен од Националната стратегија за родова еднаквост 2022 -2027*

и на работното место. Воведен е принципот на забрана за дискриминација при вработување, забрана за директна и индирекна дискриминација на работното место, вознемирување и сексуално вознемирување. Со овој закон се гарантираат исти услови за професионално усовршување и унапредување, како и иста плата за иста работа.

**Изборниот законик како и Законот за избор на пратеници и Законот за локални избори** (кои со стапувањето во сила на Изборниот законик престанаа да важат) се единствените коишто предвидуваат посебни мерки за застапеност на обата пола на кандидатските листи за пратеници и советници во локалната самоуправа. Изборниот законик не предвидува квоти за избор на градоначалници или посебни мерки за овозможување на рамноправно учество на жените и мажите во извршната власт.

## РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО РЕГИОНОТ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО, ПЕХЧЕВО /СОСТОЈБИ ВО 2022/

Вкупното резидентно население на Република Северна Македонија[2], според пописот од 2021, во септември 2021 година изнесува 1 836 713 жители. Од нив, 50,4% се жени, а 49,6% се мажи.
Основните податоци на државно ниво укажуваат на поместувања во позитивна насока во областа на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите, но сепак остануваат значителен број на предизвици кога ќе се земат предвид фактите дека вклученоста на женските и машките деца во основното образование е 48% наспрема 52%, во средното вклученоста на женските деца е 48.23% наспроти 51.77% машки и процентот на дипломирани студенти на терциерно ниво е 43.8% машки наспроти 56.2% женски.

Според официјалниот попис на населението во Република Македонија спроведен во 2021 година во регионот Делчево, Берово и Пехчево вкупниот број на население изнесувал 34683 од кои 18 .185 или 49% жени и 51% мажи.

Во последните 5 години е зблежителен и евидентен тренд на депопулација на регионот поради економска миграција на населението најчесто во Италија, но и други држави во Европа и пошироко. Иако изостануваат и на подготвувачите на документов не им беа достапни официјални податоци за тоа колку граѓани /мажи и жени/ се одселиле, во јавноста постои уверување дека овој број е голем и истото претставува еден од најголемите предизвици на овој регион.

Краторите на документов применувајки ги методите: истражување со примена на анкета, собирање и анализа на постоечки локални официјални документи како и опсервација, констатираа состојби во регионот Делчево, Берово и Пехчево релевантни за приоритетните области кон кои сите локални актери и фактори ке ги насочат своите активности за да се унапредат и создаваат еднакви можности и да се обезбедат услови за родова рамноправност.

---

2
https://popis2021.stat.gov.mk/%D0%90%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8/%D0%92%D0%BA%D1%83%D0%BF%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%BD%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%BD%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B2%D0%B0-1-836-713-%D0%B6%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8/

Жените од регионот активно партиципираат во политичките партии, најчесто во најголемите партии на национално ниво, /ВМРО ДПМНЕ и СДСМ/ но и во други помали партии.
Локалните лидери на овие партии се мажи.
Во општинските совети бројот на советници во однос на советнички е 2/3 наспроти 1/3.
Се наметнува заклучокот дека е потребно да се зголеми интензитетот на делување на сите локални актери и фактори за да се обезбеди фактичка и реална родова рамноправност во сферата на политичко анагажирање и делување на жените и истите да имаат можност за поинтензивно вклучување во креирањето и имплементација на политичките платформи и програми на партиите, а во насока на обезбедување на можности за квалитетен живот и подобар стандард на граѓаните.
Состојбите во однос на учеството на жените од регионот во раководните структури на локалните јавни институции и јавни претријатија, од аспект на родовата еднаквост, се поповолни.
Во сите образовни институции, се забележува значително учество на жените во управните органи и тела на истите. Според креаторите на документов ова најверојатно се должи на фактот дека и помеѓу вработениот наставен кадар жените се доминантно застапени. Овде соодносот се движи од околу 1/3 застапеност на мажите и 2/3 застапеност на жените.
Кај јавните претпријатија пак имаме состојби кои укажуваат на потребата од делување во однос на обезбедување на рамноправност и континуиран баланс од аспект на родова еднаквост. Таков е примерот со Пехчево.
Во Берово и Делчево пак моментално состојбите се на задоволително ниво, но креаторите на документов сметаат дека треба да се продолжи со работата за афирмација на добрите резултати и практики од вклученоста на жените во раководните структури за да се обезбеди континуитет во имплементацијата на родово балансирани афирмативни локални политики кои безбедуваат квалитетен живот и подобар стандард на граѓаните.
Насилството врз жените, значи секој акт на родово базирано насилство кое резултира со, или е веројатно да резултира со физичка, сексуална или психолошка штета или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, принуда или своеволно лишувања од слобода, без разлика дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.
Од податоците достапни до креаторите на документов во кои што се вбројуваат представници на КЕМ, вработени во локални јавни и државни институции како и представници на граѓанските организации, евидентно е зголемен бројот на пријави на родово базирано, пред се семејно насилство.
Според креаторите на документов овој феномен е резултат на подобрувањето на законската регулатива но и на делувањето на НВО и повеќето информативни кампањи кои во претходниот период биле имплементирани во регионот.

Иако бројот на официјални пријави за мобинг како на државно ниво, така и на ниво на регионот Делчево, Берово и Пехчево е незначителен, сепак постојат неофицијални индиции за постоење на истиот кај текстилни работнички вработени во текстилни конфекции, но и други деловни субјекти.
Претходните констатации укажуваат на потребата од организирано делување на сите локални актери и фактори во насока на превенција и целосна елиминација на родово базираното насилство во регионот Делчево, Берово и Пехчево.
Како што е констатирано во националната стратегија за родова еднаквост, економското јакнење претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост, која во себе содржи повеќе елементи насочени кон: елиминација на разните форми на дискриминација, промовирање на повеќе и подобри работни места за жените, во смисла на број на вработени и квалитет на вработувањето и на крај, намалувањето на феминизацијата на сиромаштијата.

Во изминативе години е направено позитивно поместување во поглед на воведување на родова перспектива во политиките и стратегиите на пазарот на трудот.

Напредокот во законското дефинирање  на забраната на дискриминацијата врз основа на пол при вработувањето и на работното место дава резултати.

Во реалниот сектор, жените во регионот се во континуитет со помала стапка на вработеност од мажите.

Руралните средини во регионот се уште се соочуваат со висока стапка на невработеност, несигурни и ниски приходи. Во стапката на активност кај населението над 15 години според типот на местото на живеење, се гледаат разлики кои укажуваат на многу ниската стапка на активност на жената од руралната средина и големите разлики во однос на стапките на активност на  жена – маж од рурална средина, како и жена – жена во споредба рурална-урбана средина.

Покрај ова, карактеристика на регионот е дека многу мал и незначителен број на жени од руралните средини од регионот се имаат пријавено како носители на семеен земјоделски бизнис.

Родовиот јаз во стапките на активност и вработеност, пониското учество на жените на позициите на одлучување и моќ, остануваат предизвици кои ќе бидат земени во предвид како приоритетни во периодот кој следи, со цел унапредување на родовата еднаквост во општественото и економското живеење.

Може да се заклучи дека има поместувања во однос на стапката на вработеност на жената, но тоа не е доволно, а особено на ранливи категории жени, што претставува уште поспецифична цел и потреба.

До сега се спроведени само неколку проекти од областа на пазарот на трудот и еднаквите можности во насока на поддршка, односно поттикнување на женското претприемништво во етнички маргинализираните заедници.

Во насока на подобрување, унапредување и зајакнување на економскиот статус на жените,  како и правење увид во состојбата, се забележува  потреба од официјални истражувања за  состојбата со родовите прашања и пазарот на труд, увид во степенот и видовите дискриминација, сексуалното вознемирување, родовиот јаз во платите, можностите за скратено работно време како мерка за пристап кон пазарот на труд и балансирање на приватниот и јавниот живот и воведувањето на родителското отсуство.
Непостоењето на истражувања води кон непознавање на системската дискриминација на жената на пазарот на трудот.
Родовата рамноправност и зајакнувањето на жените за нивно рамноправно вклучување и партиципација како при одлучувањето така и при имплементацијата на национални и локални стратегии и програми, преставува една од фундаменталните основи на демократијата и општествениот поредок.

Еднаквото учество на жените во процесите на одлучување во јавниот и политичкиот живот, е од витално значење за демократијата на секоја земја. Напорите на Република Северна Македонија во изминатите години за поголемо вклучување на жените, покажуваат позитивни достигнувања и во регионот Делчево, Берово и Пехчево. Сепак ,креаторите на документов посочуваат дека се уште има потреба, но и простор да се работи на тоа прашање.
Иако се формирани и нивната работа веќе почнува да дава резултати, Комисиите за еднакви можности /КЕМ/ во општините Делчево, Берово и Пехчево сепак чувствуваат потреба од поорганизиран и планиран развој и унапредување во однос на нивен институционален развој и организациско јакнење.

Користењето на буџетски средства од општините за делување на овие комисии претпоставува и иницира потреба од подготовка и усогласување на конкретни правила односно правилници за нивно делување.
Покрај ова, постои и реална потреба за подготовка на годишни програми за делување на ниво на секоја од трите општини со кои ќе се овозможи ефективно и ефикасно делување и постигнување на промени и унапредување во однос на создавање на баланс во однос на еднаквите можности во секоја од општините Делчево, Берово и Пехчево.

## СТРАТЕГИЈА

## ВИЗИЈА

**„Жените од Делчево, Берово и Пехчево се активно вклучени во креирањето и спроведувањето на локалните јавни политики"**

## ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. **Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;**
2. **Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;**
3. **Едукација и јакнење на капацитетите за родова еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население;**
4. **Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза.**
5. **Здравство**

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;** |
|---|
| **ЦЕЛ 1.1 Зголемено учество на жените во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;**<br><br>Мерки:<br><br>- Воведување на систем за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општините и во самите општини и институции основани и во надлежност од нив<br><br>- Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на |

оптините од страна на КЕМ во насока на нивна родова сензибилизација

**ЦЕЛ 1.2: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство;**

Мерки:

- Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни
- Обезбедување за континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство
- Обезбедување на просторија за 24h згрижување на жртви од семејно насилство
- Истражување на бројот на жртви од родово насилство

**ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од општините Дечево, Берово и Пехчево;**

Мерки:

- Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите
- Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки
- Здружување на производители и собирачи на производи преку детекција на заинтересирани страни и едукативни работилници

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- Зголемен број за 10% на жени советнички, членки на комисии, управни и надзорни органи во локални институции до крајот на 2026 година преку имплементација на едукативни работилници за родово сензибилизирање на раководните структури
- Навремено препознавање и соодветна реакција на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево
- Вклучени најмалку 100 жени на годишно ниво во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство

- Вклучување и информирање за можностите на најмалку 50% од бројот на невработени жени од општините Делчево, Берово и Пехчево во програмите и мерките на АВРМ до крајот на 2026 година

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики**

**ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.**

Мерки:

- Активно работење на месните заедници во руралните средини во кои ќе бидат вклучени повеќе жени кои ќе придонесат за развој на руралните средини.
- Формирање на повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини.
- Обезбедување превоз во микро регион

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- Создадени услови за поголемо вклучување на жените, посебно од руралните средини и маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население**

**ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците**

- Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево

- Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците

- Кампања за поголемо вклучување на девојчињара за стекнување повисок степен на образование

**ЦЕЛ 3.2 Зајакната свест на граѓаните за родовата еднаквост**

- Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни

**ЦЕЛ 3.3 Функционалност на Комисиите за еднакви можности од Делчево, Берово и Пехчево**

- Размена на информации и искуства со повеќе општини од државата, но и вмрежување со други од Европа и Балканот, со цел споделување на нивни искуства кои можеме да ги примениме во нашата општина (и општините Пехчево и Делчево), барем два пати годишно.
- Поголема соработка на институциите на локално ниво со невладини организации.(Едукација, партнерски проекти, меѓугранична соработка, споделување знаења и искуства)
- Изработка на Деловници и Годишни програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2023 до крајот на март 2023 година

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- Родово сензибилни локални институциии

- Подигната свест за родовата еднаквост кај населението во општините Делчево, Берово и Пехчево

- Подготвени и усвоени стратешки и оперативни програми, правила и процедури, како основа за работа на КЕМ во општините Делчево, Берово и Пехчево

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза**

**ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија**

Мерки:

- Едукативни работилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис секторот и индивидуални земјоделци

**ЦЕЛ 4.2 Зголемување на енергетската ефикасност и употреба на зелена енергија**

- Поставување на фотоволтаици на јавните институции

- замена на уличните светилки со енергетско ефикасни

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- Зголемена свесност кај граѓаните за ефектите од загадувањето на воздухот врз животната средина и здравјето на луѓето
- Подобрена енергетска ефикасност преку воведување на зелена енергија

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5: Здравство** |
|---|

**ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето**
**Мерки:**

- Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата
- Прегледи кај мажите после 40-тата година (прегледи за простатата)

**ЦЕЛ 5.2 Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството.**

Мерки:

- Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови

**ЦЕЛ 5.3 Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатно) преглед на заинтересирани жени.**

Мерки:

- Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени.
- Едукативни работилници за значењето на редовните мамографски прегледи и гинеколошки прегледи
- Обезбедување на превоз за жените од одалечените места (рурални средини)

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- Зголемен број на превентивни прегледи
- Ефективни тимови за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови
- Зголемен број на превентивни гинеколошки и мамографски прегледи.

**БУЏЕТ**

За успешна имплементација на мерките предвидени со стратегијата потребно е обезбедување на соодветна финансиска и техничка поддршка од страна на буџетот на општините Делчево, Берово и Пехчево, како и од страна на институциите вклучени и надлежни за оваа област, но секако и поддршка од надворешно финансирање преку донации и претпристапните фондови на ЕУ за РСМ, како и преку билатералните договори.  година на имплементација. На годишно ниво ќе се проектира потребниот буџет за имплементација врз основа на акциските планови подготвтени за секоја година одделно.

Финансирањето и спроведувањрто на Стратегијата за родова еднаквост на општините Делчево, Берово и Пехчево ќе се разгледува еднбаш до двапати годишно и ќе се прави преглед на започнати и теализирани остварувања, како и тековна подготовка на годишните акциски планови за годишно планирање и финансирање на стратегијата.

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Советникот за еднакви можности во општините Делчево, Берово и Пехчево во соработка со останатите општински служби и комисиите за еднакви можности на општините Делчево, Берово и Пехчево ќе бидат одговорни за следење и евалуација на имплементацијата на стратегијата за родова еднаквост на општините Делчево, Берово и Пехчево.

Координаторите ќе изготвуваат годишни извештаи за постигнатите резултати од имплементацијата на активностите од стратегијата и истите ќе ги доставуваат до соодветните Градоначалници и Совети на општините. Извештаите ќе се разгледуваат од страна на Советот на општините во секој прв квартал (јануари – март) во наредната година за достигнувањата во претходната.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Спроведувањето на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023 – 2026 год.** се планира и предвидува за период од 4 години и динамиката на спроведувањето ќе биде во согласност со Годишните програми на општините.

Стратегијата претставува базичен документ чија имплементација ќе трае подолг временски период и согласно на промените на состојбите, таа ќе се приспособува и ќе поставува приоритети во зависност од потребите на заедницата.

Постигнувањето на целите од стратегијата, претпоставува широка вклученост на заедницата и учество на јавноста во креирањето на политики на локално ниво. Соработката и координацијата на Локалната самоуправа со руралното население и останатите граѓани, е од суштинска важност за афирмацијата како и за постигнување на родова еднаквост во пракса.

За ефективна и ефикасна имплементација на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023 – 2026 г.** <u>се предлагаат **следниве чекори**:</u>

1. Усвојување на стратегијата од страна на Советите на Општините Делчево, Берово и Пехчево.
2. Усвојување на Планови за акција за секоја општина одделно од страна на Советите на Општините Делчево, Берово и Пехчево.
3. Обезбедување на финансиски средства за имплементација на стратегијата преку подготовка на Годишни оперативни планови за имплементација на **Стретегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023 – 2026г.** (буџетски извори) и проекти (за обебедување на финансии од домашни и меѓународни донатори).
4. Воспоставување на систем на комуникација и координација на сите засегнати страни вклучени во имплементацијата на стратегијата.
5. Мониторинг на имплементацијата на мерките согласно планираната динамика предвидена со Плановите за акција за имплементација на **Стретегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023 – 2026г.**
6. Евалуација на имплементацијата на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023 – 2026г.**
7. Ревизија на стратегијата /опција/.

КООРДИНАЦИЈА

Обврската за координација на имплементацијата на стратегијата што подразбира подготовка на акциски планови, годишни оперативни планови, проекти, извештаи, коментари, мислења, препораки и други потребни документи ќе ја превземат КЕМ кои се формирани и постојат во рамки на 3-те општини.

СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ

Комисиите за еднакви можности ќе дизајнираат и имплементираат процеси на Стратешко управување и тоа ќе:

- Иницираат подговка на релевантни Годишни оперативни планови (ГОП) /интегрирани и сепаратни/;
- Иницираат подговка на проекти;
- Иницираат и лобираат за обезбедување средства од локални, национални и меѓународни извори и донатори;
- Формираат и ќе ја координира работата на тематски оперативни групи/кои можат да се формираат по потреба/.
- Иницираат и координираат процеси за ревизија на постоечките стратешки документи за родова еднаквост во нивните општини;

СТРАТЕШКА КОНТРОЛА

Комисиите за еднакви можности, согласно предлозите во овој документ, ќе дизајнираат и имплементираат процеси за стратешка контрола на имплементацијата на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023 – 2026 г. што вклучува:**

- Мониторинг и Евалуација на програми и проекти;

Подготовка на релевантни извештаи /периодични, финални, годишни/;

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/5 Градоначалник на
03.02.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува акцискиот план на општина Пехчево за имлементација на регионалната стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2026 година.

**Член 2**

Акцискиот план на општина Пехчево за имлементација на регионалната стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2026 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-183/1 Совет на општина Пехчево
03.02.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**
**ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**
**ЗА ОПШТИНИТЕ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО И ПЕХЧЕВО ЗА ПЕРИОДОТ 2023 - 2026**

**Декември 2022**

Акциските планови за родова еднаквост на Општина Пехчево се изработени во рамки на проектот „Стој цврсто за родова еднаквост“.

Проектот е иплементиран од НВО„КХАМ“ Делчево.

Содржината на оваа публикација е изработена со помош на The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска агенција за развој и соработка и е единствена одговорност на НВО„КХАМ“ Делчево и во никој случај не ги одразува ставовите на The Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска

С О Д Р Ж И Н А


Човекови права и родова еднаквост ........................................................................27

Подобласт - Политика ........................................................................27

Подобласт - Родово базирано насилство ........................................................................29

Подобласт- Економија........................................................................30

Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики ........................................................................31

Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население........................................................................32

Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза........................................................................34

Здравство ........................................................................35

**Област на делување:**
**Човекови права и родова еднаквост**
**Подобласт - Политика**

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:** **Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областа политика** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1.1 Зголемено учество на жените во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;** | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Воведување на систем за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општините и во самите општини и институции основани и во надлежност од нив | Воспоставен систем за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општините и во самите општини и институции основани и во надлежност од нив | 10,000 | Јануари/февруари 2023<br>Собирање на податоци - континуирано | КЕМ Пехчево<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево,<br>Општински училишта и јавни претпријатија |
| Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Пехчево | Организирана и спроведена по една годишна презнтација за промоција на состојби /податоци и информации/ поврзани со родовата еднаквост и бројот на жени вклучен во Советот и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции | 5,000 | Декември 2023 | КЕМ Пехчево<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево |
| Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на општините од страна на КЕМ во насока на нивна родова сензибилизација | Развиена и усвоена внатрешна процедура | / | Април 2023 | КЕМ Пехчево<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево |

## Област на делување:
## Човекови права и родова еднаквост
## Подобласт - Родово базирано насилство

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областа - родово базирано насилство** | | | | |
| **ЦЕЛ 1.2: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство;** | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | Број на организирани настани<br>Број на опфатени лица со кампањата<br>Зголемена свесност за 30% | 50,000 | Квартално 2023-2026 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево,<br>ГОи |
| Обезбедување за континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство | Обезбедена поддршка на најмалку 10 жени | 60,000 | 2023 континуирано до 2026 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево,<br>ГОи |
| Обезбедување на просторија за 24h згрижување на жртви од семејно насилство | Обезбеден и во функција простор за згижување на жртви од семејно насилство | 100,000 | Март 2023 | Градоначалник,<br>КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево,<br>ГОи |
| Истражување на бројот на жртви од родово насилство | Спроведено истражување и препораки врз основа на добиените податоци | 120,000 | 2023-2026 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево,<br>ГОи |

## Област на делување:
## Човекови права и родова еднаквост
## Подобласт- Економија

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областа - економија;** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од општините Делчево, Берово и Пехчево;** | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите | Зголемен број на жени корисници на програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите, за 10% | 24,000 | Март - октомври2023 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Пехчево,<br>ГОи, Подрачни единици на МЗШВ |
| Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки | Зголемен број на обучени млади, жени и други ранливи групи граѓани во руралните средини за 20% | 100,000 | Март-октомври 2023 | КЕМ, ГОи, Центар за вработување |
| Здружување на производители и собирачи на производи преку детекција на заинтересирани страни и едукативни работилници | Формирани најмалку 2 задруги<br>Број на одржани едукативни работилници<br>Број на учесници | 20,000 | Февруари – декември 2023 | КЕМ, ГОи |

## Област на делување:
## Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.** | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Активно работење на месните заедници во руралните средини во кои ќе бидат вклучени повеќе жени кои ќе придонесат за развој на руралните средини. | Број на жени учеснички на состаноците на УЗ/МЗ | 20,000 | Март- јуни – септември - декември 2023 -2026 | КЕМ, ГОи |
| Формирање на повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини. | Број на клубови/ здруженија кои вклучиваат и/или работат со жени од руралните средини | 20,000 | 2023 континуирано до 2026 | КЕМ, ГОи |
| Обезбедување редовен превоз во микро регион | Линиски превоз од и до најмалку 4 рурални средини | 100,000 | Февруари 2023 | КЕМ, ГОи, Градоначалник, бизнис заедница |

## Област на делување:
## Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3:** Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците** | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево | Број на спроведени настани<br>Број на присутни | 20,000 | Март, јуни, ноември 2023 -2026 | КЕМ, Сектор за образование на општина Пехчево,<br>ГО |
| Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците | Опфатени 70% од наставниот кадар | 20,000 | Март, јуни, ноември 2023 -2026 | КЕМ, ГОи |
| Кампања за поголемо вклучување на девојчињата за стекнување | Опфатени 70% од девојчињата на возраст од 7-17 години со едукативна кампања | 50,000 | Април – септември 2023-2026 | КЕМ, основни и средни училишта, ГОи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| повисок степен на образование | | | | |
| **ЦЕЛ 3.2 Зајакната свест на граѓаните за родовата еднаквост** | | | | |
| Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | Опфатено најмалку 60% од населението со кампања<br>Број на организирани настани | 30,000 | 2023 континуирано до 2026 | КЕМ, ГОи |
| **ЦЕЛ 3.3 Функционалност на Комисиите за еднакви можности од Делчево, Берово и Пехчево** | | | | |
| Размена на информации и искуства со повеќе општини од државата, но и вмрежување со други од Европа и Балканот, со цел споделување на нивни искуства кои можат да се применат во општината | Број на настани за вмрежување<br>Имплементирани акции | 40,000 | 2023 (квартално) -2026 | КЕМ, ГОи |
| Поголема соработка на институциите на локално ниво со невладини организации. (Едукација, партнерски проекти, меѓугранична соработка, споделување знаења и искуства) | Организирани најмалку 20 заеднички настани | 100,000 | 2023 континуирано-2026 | КЕМ, ГОи |
| Изработка на Деловници и Годишни програми за работа на КЕМ Пехчево | Подготвен ии усвоен деловник за работа на КЕМ<br>Подготвени и усвоени годишни програми на КЕМ | / | Јануари – март 2023 | КЕМ, Координатор за еднакви можности |

## Област на делување:
## Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија** | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Едукативни работилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис секторот и индивидуални земјоделци | Број на одржани настани<br><br>Број на учесници поделени по сектор | 30,000 | Јануари – мај 2023-2025 | КЕМ, ГОи |
| **ЦЕЛ 4.2 Зголемување на енергетската ефикасност и употреба на зелена енергија** | | | | |
| Поставување на фотоволтаици на јавните институции | Поставени фотоволтаици на најмалку 4 јавни институции | 1,500,000 | 2023 | КЕМ, Општина Пехчево, јавни институции, ГОи |
| Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни | Поставени енергетско ефикасни светилки на најмалку 50% од мрежата за улично осветлување | 1,500,000 | 2023 | КЕМ, Општина Пехчево |

## Област на делување:
## Здравство

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5: Здравство** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето** | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата на женското и машкото здравје | Зголемена свесност за прашањето за 50%<br>Број на организирани настани | 50,000 | Април и ноември 2023=2026 | КЕМ, ГО, основни и средни училишта |
| Прегледи кај мажите после 40-тата година (прегледи за простатата) | Вклучени најмалку 30% од машката популација во превентивни прегледи | 120,000 | 2023-2026 | КЕМ, ГОи |
| **ЦЕЛ 5.2 Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството.** | | | | |
| Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови | Формирани и оперативни најмалку 2 тима кои работат на грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови | 200,000 | 2023-2026 | КЕМ, Сектор за социјална политика при општина Пехчево |
| **ЦЕЛ 5.3 Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени** | | | | |
| Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени. | Опфатени најмалку 50% од женската популација | 40,000 | 2023 континуирано-2026 | КЕМ, МЗ, матични гинеколози од Пехчево |
| Едукативни работилници за значењето на редовните мамографски прегледи и гинеколошки прегледи | Организирани најмалку 2 настани годишно за значењето на мамографските и гинеколошките прегледи | 20,000 | Мај и октомври 2023-2026 | КЕМ, матични гинеколози од Пехчево, ГОи |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на користење движни ствари противпожарна опрема на доброволно противпожарно друштво Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на користење движни ствари противпожарна опрема на доброволно противпожарно друштво Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/6<br>03.02.2023 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02), член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на Општина Пехчево, на седницата одржана на 03.02.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање на времено користење движни ствари противпожарна опрема на доброволно противпожарно друштво Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на времено користење движни ствари, противпожарна опрема на доброволно противпожарно друштво Пехчево:

- ПП одело АРМОР ФИГХТЕР А- НОМЕЏ ТОУГХТ – сина (4 комплета);
- Заштитни интервентни чизми ТОРЦХБОА (42/) – (1 пар);
- Заштитни интервентни чизми ТОРЦХБОА (43/) – (1 пар);
- Заштитни интервентни чизми ТОРЦХБОА (44/) – (1 пар);
- Заштитни интервентни чизми ТОРЦХБОА (45/) – (1 пар);
- Интервентни ракавици ЦХЕЅЕННЕ ПЛУС вел. 10 – (4 пара);
- Противпожарна кацига ПАБ ФИРЕ05 – (4 комплета);
- Поткапа – (4 комплета);
- Изолационен апарат ПСС500ДС+Пклуќен автомат ПСХОРТ+ Маска П52972 + Боца 6,8л/300 бар. Цц – (1 комплет);
- Дишен автомат - (1 комплет);
- Боца 6,8л/300 бар ЦЦ – (1 комплет);
- Маска ФПС 7000 П – ЕПДМ – М2 – ПЦ – (1 комплет);
- Пожарникарски шлем МП2 со алуминизиран штитник (/ЈА ) – (4 комплета);
- В25 – ФЕЛИЦ Ранец 25л. 422001 – (6 комплета);

- ПП Црево фи 52,15м – (19 комплета);
- Метални метли – 13 броја;
- Напратњачи за вода – 2 броја;
- 42 Helme Schuberth
- 55 Paar Stiefel
- 24 Stuk Orange Jacken
- 32 Jacken Einsatzuniform Blau E1
- 29 Hosen Einsatzuniform Blau E1

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на времено користење, без надомест на доброволно противпожарно друштво Пехчево за период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши меѓу градоначалникот на општина Пехчево и претставници од доброволно противпожарно друштво Пехчево во рок од 3 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од Движната ствар, противпожарна опрема, истата може да ја одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење со писмено известување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-184/1<br>03.02.2023 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/7
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр.38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/2022), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на **Управен** одбор во ЈКП „Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е жител на Општина Пехчево;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да има најмалку 5 години од областа на дејноста на комуналното претпријатие;
- да има минимум три години работно искуство од областа на финансиско работење, правни работи или технички науки.

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 8 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик,  по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Бр.08-185/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за именување на член на надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за именување на член на надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/8
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М бр.38/96....39/16), член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и Предлог бр.08-52/4 од 05.01.2023 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на член на надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

За член на надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево се именува:

- Благојчо Јовевски - Пехчево;

**Член 2**

Членот на надозорен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-186/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/9 Градоначалник на
03.02.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.161/19год), член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги разгледа Програмите за екскурзија за учениците од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево и дава позитивно мислење за:

- Програма за еднодневна ученичка екскурзија за учениците од III одделение (2022/2023) бр. 08-401/1 од 06.12.2022 год;
- Програма за дводневна ученичка екскурзија за учениците од VI одделение (2022/2023) бр. 08-401/2 од 06.12.2022 год;
- Програма за тридневна ученичка екскурзија за учениците од IX одделение (2022/2023) бр. 08-401/3 од 06.12.2022 год;

**Член 2**

Програмите ги содржат сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости, ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-187/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА
# ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ (2022/2023)



Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „Ванчо Китанов „ - Пехчево**

**ЦЕЛИ:**

a. совладување и проширување на знаењата
b. примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во средината,културно историски знаменитости , индустриски , земјоделски капацитети и спортски објекти и знаменитости

**ЗАДАЧИ**:

c. изучување и истражување на објекти и појави во природата
d. развивање интерес за природата и градење еколошки навики
e. запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
f. градење чувство на патриотизам , толеранција и соживот
g. развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности
h. социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе

| **СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ** | **РАКОВОДИТЕЛИ** | **ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | **ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ** | **ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО III -то ОДД.** |
|---|---|---|---|---|
| Посета на локалитети од историско значење , наблудување на појави во природата , истражување на културата, традицијата и занаетите | Одделенски раководители<br><br>**-Раководител на екскурзија:**<br>- Влатко Марковски<br><br>**Помошници:**<br><br>- Добрила Јовевска<br>-Сашо Таковски<br>- Зоран Вучковски<br>- Елизабета Вучковски | Мај/јуни | **Патни правци:**<br>**1.ден :**Поаѓање од Пехчево за Дојран – Дојранско езеро; ручек; Струмица – Колешински водопади и Манастир „Св. Леонтиј“ – Водоча. Враќање во Пехчево во вечерните часови.<br><br>**Локации:**<br>Пехчево – Дојран – Дојранско езеро – Струмица - Колешински водопади - Манастир „Св. Леонтиј“ – Водоча - Пехчево | 31 |

ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА: Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се

издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ: Финанасиски средства од родителите на учениците.Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на уплатница директно на агенцијата со која е потпишан договорот за изведување на екскурзија.

Стручен тим за организирање на екскурзија:

Добрила Јовевска –Директор
Влатко Марковски –раководител на екскурзијата
Сашо Таковски – одделенски наставник
Зоран Вучковски - одделенски наставник
Елизабета Вучковски - одделенски наставник

## ПРОГРАМА ЗА ДВОДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА

## ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ (2022/2023)

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ**
**ОД VI ОДД. при ООУ „Ванчо Китанов“ Пехчево**

**ЦЕЛИ:**

a. совладување и проширување на знаењата;

b. примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во средината,културно историски знаменитости, индустриски, земјоделски капацитети и спортски објекти;

**ЗАДАЧИ**:

c. изучување и истражување на објекти и појави во природата ;

d. развивање интерес за природата и градење еколошки навики;

e. запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;

f. градење чувство на патриотизам , толеранција и соживот;

g. развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности;

h. социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;

| **СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ** | **ОДГОВОРНИ ЛИЦА** | **ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ** | **ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ** | **ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО VI ОДД.** |
|---|---|---|---|---|
| -посета на манастири и локалитети од историско значење<br><br>-набљудување на појави во природата<br><br>-истражување на културите и спортот во тие краишта. | Одделенски раководители<br><br>Ванчо Сивевски<br><br>Наташа Бецовска<br><br>**РАКОВОДИТЕЛНА ЕКСКУРЗИЈАТА**<br><br>**Валентина Станоевска** | МАЈ 2023 год. | **Патни правци:**<br><br>**1 ден:** Поаѓање од Пехчево, Виница, Кратово, Крива Паланка, Куманово<br><br>**Локации:**<br><br>**Виница:** посета на Музејот на теракотата<br><br>**Кратово:** посета на Големо Градиште с. Коњух<br><br>**Крива Паланка** посета на планински туристички центар „Калин Камен“ (Осоговски планини), манастирот “ Св.Јоаким Осоговски”, а потоа ручек во манастирскиот ресторан<br><br>**Куманово:** слободно разгледување на градот, сместување во хотел, вечера.<br><br>**Патни правци:**<br><br>**2 ден:** Куманово, Скопје,Велес,Неготино,Штип и Пехчево<br><br>**Локации:**<br><br>**Скопје:** Тргнување по појадокот од Куманово до Скопје и посета на Музеј на македонската борба ,црквата „Св. Спас“ – (почивалиште на Гоце Делчев) и разгледување на Стара | 33 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Чаршија, ручек.<br><br>**Неготино- Кавадарци:** посета на античкиот град Стоби, слободно разгледување на градот Кавадарци<br><br>**Штип :**посета на Музеј на ВМРО за Штип и Штипско, слободно разгледување на градот и враќање во Пехчево | |

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:** Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**: Финанасиски средства од родителите на учениците.Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на уплатница директно на агенцијата со која е потпишан договорот за изведување на екскурзија .

**Стручен тим за организирање на екскурзија:**

**Добрила Јовевска**-*директор*

**Валентина Станоевска** - Р*аководител на екскурзијата*
**Ванчо Сивевски –** *Одделенски раководител*
**Наташа Беџовска** - *Одделенски раководители*

**ПРОГРАМА ЗА ТРИДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА**
**ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ (2022/2023)**

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево, изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДД**
**ПРИ ООУ „Ванчо Китанов" - Пехчево, општина: Пехчево**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: три дена во мај (2023)
Патувањето започнува од Пехчево (преку Виница) - Скопје – Тетово – Охрид – Свети Наум – Струга – Вевчани – Битола – Крушево - Пехчево

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори,
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**ЗАДАЧИ:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**АКТИВНОСТИ:**

**Прв ден:**

- Пехчево – Скопје: Појадок и тргнување во 7:30 од Пехчево (преку Виница) до Скопје. Во Скопје посета на Скопско кале и црква „Св. Спас", кањонот на Матка, манастир „Успение на Пресвета Богородица" – Матка, пауза за ручек.

- Скопје – Тетово:Во Тетово посета на  Шарена џамија
- Тетово- Дебар: Посета на Бигорски манастир „Св.Јован Крстител“ и манастир „Св.Георгиј Победоносец“ – Рајчица
- Дебар – Струга: Вечера и сместување во Струга.

**Втор ден:**

- Појадок
- Посета на Спомен дом на браќа Миладиновци во Струга
- Вевчани – посета на Вевчански извори
- Охрид-Посета на Стариот град, Антички театар,Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов“ – Канео
- Ручек во Охрид, посета на наколно живеалиште „Град на вода“, манастир „Св.Наум Охридски“
- Вечера во Струга

**Трет ден:**

- Појадок и тргнување кон Битола. Во Битола посета на спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк и прошетка низ градот
- Битола –Крушево. Во Крушево посета на спомен куќа на Тодор Проески и споменик „Македониум“. Пауза за ручек.
- Крушево – Велес. Во Велес посета на Спомен костурница и Спомен куќа на Кочо Рацин.
- Велес – Пехчево. Пристигнување во вечерните часови.

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

- Добрила Јовевска - директор
- Јулија Велковска, одделенски раководител IX б одд., Пехчево – раководител на екскурзија
- Виолета Ѓорѓиевска, одделенски раководител IX а одд., Пехчево
- Афродита Денковска, одделенски раководител, IX в одд., Пехчево
- Милан Трајановски, одделенски раководител на IX одд.с. Црник;

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:**

- Јулија Велковска, одделенски раководител IX б одд., Пехчево – раководител на екскурзија
- Виолета Ѓорѓиевска, одделенски раководител IX а одд., Пехчево
- Афродита Денковска, одделенски раководител, IX в одд., Пехчево
- Милан Трајановски, одделенски раководител на IX одд.с. Црник;

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

- Квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

- На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на член на училишен одбор во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на училишен одбор во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/10
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 106 став 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РМ бр. 161/2019) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на училишен одбор во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Александар Демјански се разрешува од должноста член на училишен одбор во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево поради изтек на мандат

За нов член на училишен одбор на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево се именува:

- Јасминка Пашалиска Андоновска - Пехчево;

**Член 2**

Членот на училишен одбор на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево се именува за период од 3 (три) години согласно Законот за основно образование, со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-188/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/11
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) член 35 од Законот за култура (Сл.Весник на Р.М бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Јасмина Киртошева се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево поради нејзино барање;

За нов член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево се именува:

- Никола Каракашов - Пехчево;

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево

Бр.08-189/1
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/12 Градоначалник на
03.02.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Годишната програма за финансирање на проекти од областа на културата и спортот на општина Пехчево за 2023 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-190/1 Совет на општина Пехчево
03.02.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

**ФЕВРУАРИ, 2023 ГОДИНА**

## 1. Вовед

Со Програмата за финансирање на проекти од областа на културата и спорот, чии активности се насочени кон развој на културата и спортот во општината, а од интерес на општина Пехчево за 2023 година, се утврдуваат нејзините цели и активности, како и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на културната политика и развојот на спортот на општина Пехчево, кои треба да ги исполнат носителите на културните и спортските активности, односно, тие да бидат во функција на културниот развој и развојот на спортот на општината во 2023 година.

Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на проектите, се утврдуваат активности кои ќе бидат финансирани со Програмата и висината на средствата за нивна реализација.

## 2. Цели

Основна цел на Програмата за финансирање на проекти од областа на културата и спортот чии активности се насочени кон развој на културата и спортот во општина Пехчево, е да се поттикне културната и спортската дејност на општинските институции, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на спортот, фолклорот, обичаите, вредностите кои се својствени за традицијата на нашето поднебје, како и организирање на културни манифестации, спортски натпревари и разновидни спесифични творештва преку:

- квалитетен и разновиден културен и спортски живот на ниво на општината;
- чување и афирмирање на матерјалното, духовното и културното наследство;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно – уметнички манифестации и спортски натпревари што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;

- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат спортот, спортските активности, креативни и едукативни проекти од категории на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература ( книги/албуми/графички новели);
- подршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции, спортски клубови и други организации;
- одбележување на јубилејни настани и значајни датуми;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;
- организирање на фестивал и етно саем што се одржува традиционално во општина Пехчево;
- стимулирање и подршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата, младите и лицата со посебни потреби;
-

**3. Финанисрање на активностите утврдени со оваа Програма:**

- *Организирање на Етно саем „Пехчевски Павловден“*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Период на реализирање на активноста:** 13 јули 2023 година – денот на градот – Павловден. Активностите на овој проект се манифестираат преку организирање на саем на традиционална храна и рачни изработики на сувенири и носии, ракотворби, како и промоција на истите;
  - **Целни групи на активностите:** Производителите на рачни ракотворби и традиционална храна, граѓаните на општина Пехчево и соседните општини од Малешевско – Пијанечкиот регион, општините од Источниот плански регион како и потенцјалните туристи;
  - **Очекувани резултати:** Со реализација на оваа културна активност се очекува да се збогати туристичката понуда за време на Етно саемот Пехчевски Павловден во Пехчево, да се зголеми бројот на учесници и потрошувачи, како и да се постигне поголема креативност на производите;

- *„Фестивал на дувачки оркестри – Пехчево“*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување на активноста:** Во периодот од 13 – 15 јули 2023 година;
  - **Целни групи на активностите:** Граѓаните на општина Пехчево, сите учесници во Фестивалот на дувачки оркестри и сите останати туристи кои во тој период се дојдени за да уживаат во музиката на дувачките оркестри и во организираната програма;

- **Очекувани резултати:** Збогатена туристичка понуда на Општина Пехчево и зголемен број на учесници на Фестивалот, како и поголема посетеност на истиот од страна на голем број туристи.
- **Буџет:** 1.630.000,00 денари

- *Одбележување на денот на лагата и шегата 1 – Април – „Априлијада“*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и ОУ Дом на културата „Јане Сандански“ - Пехчево;
  - **Период на одржување на активноста:** 1 Април 2023 година;
  - **Целни групи во активноста:** Децата од детската градинка „7 Септември“ Пехчево и учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и населението од општина Пехчево;
  - **Очекувани резултати:** Развој на креативноста кај децата и родителите, во соработка со учителките од градинката и наставниците од училиштето во правење на маски, како и успешно организирана програма на Плоштадот Свети Петар и Павле, за децата – маскарада посетена од локалното население во општина Пехчево, дружба на маскембалската забава, со кловнови и аниматори, која ја организира општина Пехчево во соработка со основното училиште и детската градинка за сите граѓани на општината;
  - **Буџет:** 15.000,00 денари;

- *Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ – Пехчево;*
  - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
  - **Партнери во активноста:** ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево
  - **Период на одржување на активноста:** 7 Септември 2023 година;
  - **Очекувани резултати:** Свечено одбележан денот на ослободувањето на градот Пехчево, со вклученост на сите општински институции во свеченоста, положување на свежо цвеќе, свечена седница на Советот на општина Пехчево,на која учествуваат и децата од детската градинка кои на тој ден го прославуваат роденденот на институцијата;
  - **Буџет:** 20.000,00 денари;

- *Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи“*
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активностите:** ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово ( дисперзирани паралелки – Пехчево), Полициска станица од општа наделжност – Берово – Канцеларија во Пехчево;
    - **Период на одржување на активноста:** 17 Ноември 2023 година;
    - **Очекувани резултати:** Организирање на едукативна настава за учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и учениците од ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово ( дисперзирани паралелки - Пехчево) од страна на стручни лица од Министерството за внатрешни работи – Полициска станица од општа надлежност – Берово, канцеларија во Пехчево за правилата во сообраќајот и начинот на почитување на сообраќајните правила, со очекувани резултати дека децата ќе ја сватат суштината на предавањата и ќе го сватат начинот на нивното однесување во сообраќајот;
    - **Буџет:** /

- *Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник – Водици;*
    - **Организатор на активноста:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активноста:** Црквата Св. Петар и Павле – Пехчево
    - **Период на одржување на активностите:** на 31.12.2023 година и 19.01.2024 година;
    - **Буџет:** 60.000,00 денари;

- *Баскерфест 2023 година;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
    - **Период на одржување на активноста:** 12.07.2023 година;
    - **Очекувани резултати:** Збогатена културната понуда во општина Пехчево со што ќе се привлечат поголем број на туристи за да го посетат нашиот град;
    - **Буџет:** 30.000,00 денари;

- *Топол културнен бран 2023 година;*
    - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
    - **Партнери во активноста:** ОУ „Дом на културата „Јане Сандански“ – Пехчево, доколку културната активност треба да се организира во затворен простор, ќе биде искористена салата во домот на културата;
    - **Очекувани резултати:** Зголемена културно – туристичка понуда во Пехчево, која ќе биде атрактивна како за локалното население, така и за туристите кои ќе

дојдат да го посетат Пехчево во периодот на одржување на културните активности, финансирани преку проектот Топол културен бран;

- **Буџет:** 60.000,00 денари ( Средствата ќе бидат обезбедени од страна на Министерството за култура и дел од Општина Пехчево);

- *Бела ноќ – 2023;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Кафе бар „КИМ“ – Пехчево
  - **Период на одржување:** август 2023 година;
  - **Очекувани резултати:** Зголемена културно – туристичка понуда во Пехчево, која ќе биде атрактивна како за локалното население, така и за туристите кои ќе дојдат да го посетат Пехчево во периодот на одржување на културната активност.
  - **Буџет:** Буџетот на културната манифестација „Бела ноќ“ е обезбеден од страна на Кафе бар „КИМ“;
  - **Општина Пехчево –** учествува со отстапување на просторот пред Кафе бар „Ким“ – Пехчево на Плоштадот во Пехчево;

- *Пехчево на точак – 2023 година;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Група граѓани;
  - **Период на одржување:** Мај 2023 година
  - **Очекувани резултати:** Поголем број на учесници од нашата држава и од соседните земји, кои со велосипеди ги запознаваат убавините на градот Пехчево и околината, како и промоција на општината во државата и надвор од неа.
  - **Буџет:** 10.000,00 денари;

- *Off Road – убавините на Пехчево;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево и Група граѓани;
  - **Период на одржување:** Мај 2023 година;
  - **Очекувани резултати:** Промоција на убавините на градот и привлекување на поголем број на туристи и учесници во оваа атрактивна туристичка и културна манифестација, преку која со џипови се вози и посетува планинскиот врв на Кадиица;
  - **Буџет:** 5.000,00 денари;

- *Проектирање на цртани филмови за деца на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле – Пехчево;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување:** Јуни – Август 2023 година;
  - **Очекувани резултати:** Проектирање на најгледаните цртани филмови на платно на Плоштадот Свети Петар и Павле за децата, кои во тој период се во Пехчево и

за посетителите на градот Пехчево, како една културна манифестација и атракција за најмладата популација.

- **Буџет:** 40.000,00 денари;

- *Малешевијата пее;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Патнер во активноста:** Општинска установа Дом на културата „Јане Сандански“ - Пехчево
  - **Период на одржување:**
    - Распишувањето на јавниот повик за пријавување на учесниците од 01.05.-31.05.2023 година;
    - Одржување на аудиција од 01.06 – 30.06.2023 година;
    - Одржување на манифестацијата: Септември – Октомври
  - **Право на учество:** Учесници можат да бидат деца и млади од 10 – 16 години од Пехчево и Берово кои ќе настапат со народни песни / во финалето ќе учествуваат вкупно 12 учесници
  - **Награди:**
    - Прва награда: Комплетно најдобар настан;
    - Награда за најдобра интерпретација;
    - Награда за најдобар сценски настап;
  - **Стручна жири комисија:**
    - Тројца членови – со завршно високо музичко образование;
  - **Очекувани резултати:** Соцјализација и поголемо дружење на децата и младите од двете соседни општини, Пехчево и Берово, откривање на нови таленти од општините Берово и Пехчево, збогатување на културниот живот во Пехчево.
  - **Буџет:** 50.000, 00 денари

- *Натпревар во мал фудбал;*
  - **Водечка организација:** Општина Пехчево;
  - **Период на одржување:** 10-15 јули 2023 година
  - **Очекувани резултати:** Пријавени поголем број на екипи и избрана најдобрата победничка екипа во мал фудбал. Дружење и натпревар помеѓу членовите на натпреварувачките екипи.
  - **Буџет:** 50.000,00 денари

| **Финансирање на проекти од областа на културата за 2023 година** | | |
|---|---|---|
| *Реден број* | *Активности* | *Буџет* |
| 1. | Етно саем „Пехчевски Павловден“ и „Фестивал на дувачки оркестри“ - Пехчево | 1.630.000,00 денари |
| 2. | Одбележување на денот на лагата и шегата 1- април – „Априлијада“ | 15.000,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Одбележување на денот на ослободувањето на Пехчево „7 Септември“ - Пехчево | 20.000,00 денари |
| 7. | Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи“ | / |
| 8. | Дочек на Нова година и Одбележување на христијанскиот празник Водици | 60.000,00 денари |
| 10. | Баскерфест 2022 година | 30.000,00 денари |
| 11. | Топол културен бран | 60.000,00 денари ( Средствата ќе бидат побарани од Министерството за култура) |
| 12. | Бела ноќ | / |
| 13. | Пехчево на точак – 2022 година | 10.000,00 денари |
| 14. | Off road – 2022 година | 5.000,00 денари |
| 15. | Проектирање на цртани филмови на платно | 40.000,00 денари |
| 16. | Малешевијата пее | 50.000,00 денари |
| 17. | Натпревар во мал фудбал | 50.000,00 денари |
| **Вкупно:** | | **1.970.000,00 денари** |

**4. Завршни одредби**

За активностите од областа на културата и спортот кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе има потреба истите да бидат реализирани во текот на 2023 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Пехчево ќе изврши дополнувања на истата.

Изработил: Помлад сорботник за прибирање и обработка на податоци во ЛЕР Елица Јовевска

Бр.08-190/2
03.02.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/13
03.02.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 и Службен весник на РСМ бр.151/2021), Советот на Општина Пехчево на 13-та седница одржана на 03.02.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

**За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 742114 Приходи од европската унија | 0 | 0 | 1.523.867 | 0 |
| | **0** | **0** | **1.523.867** | **0** |

и се распоредуваат на следните расходни потставки:

**N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 987.120 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 252.950 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 30.848 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 191.255 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 61.694 | 0 |
| | | **0** | **0** | **1.523.867** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2023 година.

Бр.08-191/1 | Совет на општина Пехчево
03.02.2023 година | Претседател
Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот „Уредување на речно корито на Пехчевска река„ во Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот „Уредување на речно корито на Пехчевска река„ во Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 13-та седница одржана на ден 03.02.2023 година.

Бр. 09-194/14 Градоначалник на
03.02.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 12 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), како и согласно член 1 од Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за „Проект за поврзување на локални патишта„ со средства обезбедени со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка (Сл.Весник на Р.М. бр.3/2020), Советот на општина Пехчево на 13-та седница одржана на 03.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на приоритетен објект по проектот „Уредување на речно корито на Пехчевска река„ во Пехчево**

**Член 1**

Се одобрува приоритетен објект по проектот „Уредување на речно корито на Пехчевска река„ за учество на повици за проекти финансирани од Министерство за животна средина и просторно планирање:

- Уредување на речно корито на дел од Пехчевска река во централно градско подрачје, со вкупна должина од 171,96м

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-192/1 Совет на општина Пехчево
03.02.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20) член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 6/2017 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20 и 215/21) и член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/19, 151/21 и 288/21), а врска со член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“број 10/2008 и 85/2009) и член 4 став (3) од Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 51/20 и 172/21), помеѓу Општина Пехчево преставувана од Градоначалникот Александар Китански и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ) преставуван од Претседателот Трпе Деаноски и претседателот на Синдикалната оргнизцаија при Општина Пехчево, Светлана Стамболиска, на ден 17.01.2023 година го склучија следниот:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 03 - 89/1
17.01. 2023 год.
ПЕХЧЕВО

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 0101-50/1
17.01 2023 год.
СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на колективниот договор

Член 1

(1) Со овој колективен договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените во Општина Пехчево.

(2) Овој колективен договор не се однесува на вработените во јавните основни и средни училишта, јавните установи и јавните претпријатија основани од Општина Пехчево.

## Поимник

Член 2

(1) Работодавач во смисла на овој колективен договор е Општина Пехчево (во натамошниот текст: работодавачот).

(2) Вработени во смисла на овој колективен договор се вработените кои засновале работен однос во Општина Пехчево, кои согласно Законот за административни службеници имаат статус на државни службеници, кои согласно Законот за инспекциски надзор имаат статус на инспектори, вработени кои вршат помошно-технички работи и други вработени.

(3)Други вработени во општина Пехчево се вработените кои вршат помошни и административно технички работи, а се вработени на определено време или преку Приватни агенции за вработување.

(4)Синдикат во смисла на овој колективен договор е Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ) и Синдикална организација на Синдикатот на УПОЗ при Општина Пехчево (во натамошниот текст: (Синдикатот).

(5)Минимална плата е онаа која Министерот за труд и социјална политика ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" согласно со закон.

## Опфат и примена на Законот и на Колективниот договор

Член 3

Овој колективен договор е задолжителен и ги обврзува работодавачот и вработените од членот 2 во неговата непосредна примена.

Член 4

(1) Со овој колективен договор се уредуваат поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор, Законот за работните односи, Општиот колективен договор за јавниот сектор и Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.

(2) Одредбите во овој колективен договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со законите и актите од ставот (1) на овој член се ништовни.

(3) Со договорите за вработување и решенијата може да се утврдат поголеми и поповолни во обем на права за вработените, како и да се уредат прашања кои не се предмет на уредување на овој колективен договор.

Член 5

Синдикалните организации при Општина Пехчево кои се членки на синдикатот потписник на овој колективен договор учествуваат со свој преставник во процесот на спроведување на вертикална функционална анализа, изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и на нивните измени и дополнувања.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 6

Вработениот е должен совесно да ги извршува обврските од работното место за кое склучил договор за вработување во време и на место, кои што се определени за извршување на работите, почитувајќи ја организацијата и деловната активност на работодавачот и општите и посебните прописи за безбедност и здравје при работа, етичките стандарди и правила на однесување од Кодексот за административни службеници и работниот ред и дисциплина од Правилникот за работен ред и дисциплина.

Член 7

(1) Вработениот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување или решението (дополнителна работа), ако е во рамките на степенот на неговата стручна подготовка, задолжително врз основа на писмен акт од градоначалникот, секретарот, непосредно претпоставениот или од Советот, се додека траат причините.

(2) Како дополнителна работа во смисла на ставот (1) од овој член се смета:

- значително зголемен обем на работа и работни задачи поради недоволен број на вработени и одлив на кадар по разни основи;
- извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време;
- извршување на дополнителни работи и работни задачи врз основа на задолжение во писмена форма, решение или овластување, кои не се во описот на работното место, односно вршење на работи од друго работно место на исто, пониско или повисоко ниво;
- учество во работни групи, комисии или тела, доколку тоа не е предвидено во описот на работното место и доколку тоа не произлегува од надлежностите и делокругот на работа на организационата единица во која е распоредено работното место и/или
- учество во проектни тимови и извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности, доколку тоа не е предвидено во описот на работното место и доколку тоа не произлегува од надлежностите и делокругот на работа на организационата единица во која е распоредено работното место, а притоа не е предвидено издвојување на дел од работното време и ослободување на дел од работните задачи заради извршување на таквите работни задачи.

(3) Вработениот кој врши дополнителна работа има право на додаток на плата, во зависност од видот на дополнителната работа, во висина од 10% од износот на основната плата.

(4) Барањето за остварување на правото на додаток на плата од овој член се поднесува до секретарот, на утврден образец, најдоцна до 10-тиот ден во месецот за претходниот месец.

(5) Секретарот е должен најдоцна до 20-тиот ден во месецот да ги разгледа сите навремени барања за остварување на правото на додаток на плата од овој член за претходниот месец и за барањата кои ќе ги одобри да поднесе предлог до градоначалникот.

(6) Врз основа на предлогот од секретарот, градоначалникот е должен до крајот на месецот да донесе решение со кое се утврдува износот на додатокот на плата од овој член изразен во проценти, поединечно по вработен и истото да го достави до Одделението за финансии и плаќања за исплата, во рок од три дена од денот на донесувањето.

(7) Доколку, од определени други причини, нема назначено секретар, барањето од став 4, 5 и 6 се поднесува директно до градоначалникот, кој одлучува за поднесените барања.

Член 8

Општите права и должности на вработениот кои произлегуваат од работниот однос се уредени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор, Законот за работните односи, општите прописи за работните односи и овој и друг колективен договор.

Член 9

(1) Во случај на вонредна состојба, воена состојба или заради заштита и справување со последиците од заразни болести, секретарот односно градоначалникот може да ја организира работата комбинирано, работа во смени или работа од далечина.

(2) Како вршење на работа од далечина се смета работа која вработениот ја врши во својот дом или во простории по свој избор што се надвор од деловните простории на работодавачот за што секретарот, односно градоначалникот носи решение за вршење на работа од далечина.

**Работно време**

Член 10

(1) Работното време на вработените, започнува во 07:30 часот а завршува во 15:30 часот, од понеделник до петок и изнесува 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.

(2) Работодавачот има право да го утврди работното време на вработените и на поинаков начин од утврдениот со овој колективен договор, доколку тоа го налагаат потребите на работниот процес.

(3) За промена на работното време, Градоначалникот донесува Одлука за утврдување на работното време, а по претходна писмена согласност од синдикалната организација во општината.

**Работа во неработни денови**

Член 11

(1) Работа во деновите кои се неработни согласно закон, може да се предвиди само во случај на виша сила и зголемен обем на работа.
(2) Одредбите од ставот 1 на овој член не се однесуваат на работните места каде што не смее да има прекин на работниот процес.

**Паузи**

Член 12

(1) Вработениот има право на паузи, одмори и отсуства од работа, согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.
(2) Паузата во текот на дневната работа, во траење од 30 минути вработениот може да ја користи и надвор од предвиденото време, со претходна најава на работодавачот.
(3) Во случаи каде според карактерот и природата на работите и задачите не се дозволува прекин на работата, како и во услови на работа со странки, паузата се организира од страна на работодавачот на начин кој обезбедува непречено извршување на работата, а вработениот да го оствари своето право.
(4) Вработениот во текот на месецот може да се јави на работното место со задоцнување, а без притоа да биде санкциониран од работодавачот најмногу 4 часа во текот на еден месец.

**Годишен одмор**

**Критериуми за утврдување на годишниот одмор**

Член 13

(1) Вработениот има право на користење на годишен одмор во траење од најмалку дваесет работни дена.
(2) Годишниот одмор на вработениот се определува според следниве критериуми:

| |
|---|
| 1. Должина на работен стаж, најмногу до три дена: |
| - над 1 година до 10 години работен стаж плус 1 работен ден; |
| - над 10 години до 20 години работен стаж плус 1 работен ден и |
| - над 20 години работен стаж плус 1 работен ден. |
| 2. Сложеност на работа, согласно нивото на степенот на образование: |
| - Работи од I-III степен сложеност – 1 работен ден; |
| - Работи од IV-V степен сложеност – 2 работни дена и |
| - Работи од VI-VIII степен на сложеност – 3 работни дена. |
| 3. Работа изложена на висок ризик: |
| / |
| 4. Други социјални и здравствени околности: |
| - лице со телесна попреченост 3 работни дена; |
| - работник со најмалку 60% телесно оштетување 3 работни дена; |

| |
|---|
| - самохран родител или старател со дете до 15 години – дополнителни 3 работни дена и |
| - самохран родител, родител или старател со дете со попреченост – дополнителни 5 работни дена. |

(3)Повозрасен работник со наполнети 57 години за жени и 59 години за мажи има право на уште 3 работни дена годишен одмор.

Член 14

(1) Годишниот одмор се определува со решение за користење на годишен одмор за секој вработен поединечно, а по донесување на Годишниот план за годишен одмор на Општината за секоја година, со кое се утврдува должината на годишниот одмор и критериумите врз основа на кои е определена должината на годишниот одмор.

(2) Вработениот има право 5 дена од годишниот одмор да ги искористи во денови кои што самиот ќе ги определи, за што мора да го извести работодавачот најдоцна 3 работни дена пред користењето.

(3) Во случај на итна и неодложна потреба (работи кои независат од волјата на вработениот и не можат однапред да се предвидат), вработениот има право да искористи еден ден од деновите наведени во ставот (1) на овој член, за што до крајот на работното време во денот на настанувањето на потребата за истото ќе го извести работодавачот.

**Платено отсуство**

Член 15

(1) Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности до седум работни дена во текот на календарската година и тоа за:
- склучување брак – 5 работни дена;
- склучување брак на дете – 3 работни дена;
- раѓање или посвојување дете – 3 работни дена;
- смрт на сопружник или дете – 5 работни дена;
- смрт на родител,брат,сестра – 3 работни дена;
- смрт на родител на сопружник – 2 работни дена;
- смрт на дедо или баба – 1 работен ден;
- развод на брак – 3 работни дена (најдоцна до правосилноста на пресудата за развод на бракот);
- полагање на стручен испит за потребите на работодавачот – 3 работни дена;
- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат – 3 работни дена;
- селидба на семејството од едно во друго место – 3 работни дена;
- селидба на семејството во исто место – 1 работен ден;
- елементарна непогода и климатски неповолен настан – 5 работни дена;
- елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домот за кој се доставува доказ) – 3 работни дена;
- кражба во домот – 1 работен ден;
- прв ден на прваче – 1 работен ден;

- доброволно дарување крв – денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена и
- за учество на синдикални активности на вработените организирани од страна на синдикатите - деновите на одржување на тие активности.

(2) Отсуството од работа поради личните и семејните околности од ставот (1) на овој член се користи непосредно во деновите на траење на околностите.

(3) Вработениот кој заминал да дарува крв, а од некоја причина не му било дозволено да дарува, должен е да се врати на работа истиот ден.

**Неплатено отсуство**

Член 16

(1) Вработениот има право на неплатено отсуство од работа без надоместок на плата и продонеси од плата најдолго три месеци во текот на календарската година во следните случаи:

- за нега на болен член на семејството;
- за лекување со сопствени средства, непризнаени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на своја сметка;
- за патување во странство;
- за изградба, доградба, или поправка на куќа или стан;
- за учество во спортски или други манифестации што не се дел од синдикалните активности;
- за учество на конгреси, конференции и слично што не се дел од синдикални активности или не се за потребите на работодавачот;
- за подготовка на правосуден испит;
- за подготовка на магистерски труд или докторати и
- за други неодложни лични работи.

(2) Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на решение од работодавачот по писмено барање од страна на вработениот кое треба да биде поднесено најмалку 30 дена пред користењето на отсуството, во кое се наведува основот за неплатеното отсуство и времето на користењето на отсуството.

(3) Работодавачот е должен за користење на неплатеното отсуство да донесе решение за неплатено отсуство, најдоцна 15 дена пред користењето на неплатеното отсуство.

(4) На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

**Должност за извршување на работата и работните задачи**

Член 17

(1)Вработените во Општината може да се распоредат да извршуваат работни задачи кои не се во описот на нивното работно место согласно актот за систематизација на работни места.

(2)Непосредно претпоставениот, секретарот и градоначалникот може на вработените во Општината да определи да извршуваат други работи и работни

задачи кои не се во описот на неговото работно место со писмено овластување или работен налог.

## III. ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА РАБОТА

Член 18

(1) Вработените имаат право на обезбедени организациски, просторни и технички услови за вршење на работите и работните задачи.

(2) Работодавачот е должен да обезбеди услови потребни за безбедно извршување на работите и работните задачи на вработените преку примена на мерки, средства и методи во согласност со закон и другите прописи за безбедност и здравје при работа.

Член 19

Вработениот е должен да се придржува кон мерките за заштита при работа и работите на работното место да ги врши со потребно внимание заради обезбедување на својот живот и здравје и на животот и здравјето на другите вработени и граѓаните.

Член 20

Работодавачот е должен да обезбеди редовни медицински прегледи согласно закон, заради откривање на професионални и други заболувања.

## IV. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ДРУГИ ПРИМАЊА

### Општи одредби за платата на вработените

Член 21

(1) Вработениот има право на плата, надоместоци и додатоци на плата согласно закон, општите прописи за работни односи, општиот колективен договор, гранскиот колективен договори и овој поединечен колективен договор.

(2) Платата на вработен кој работи со полно работно време и нормален учинок не може да биде пониска од минималната плата.

(3) Вработениот има право и на 13-та плата, во висина и под услови утврдени со овој колективен договор.

(4)Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

(5) Вработениот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време), во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување и прописите за здравствено осигурување ги остварува правата од задолжително социјално осигурување како кога би работел со полно работно време.

(6) Вработениот од ставот (4) на овој член има право на плаќање за работата како и вработен кој работи полно работно време, односно како кога би работел со полно работно време.

(7)Платите, надоместоците и додатоците на плата на вработениот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, Буџетот на општина Пехчево и од други извори на средства утврдени со закон.

(8) Синдикалниот претставник учествува во процесот на подготвување на буџетот на работодавачот, во делот за ставките од буџетот од кои се исплаќаат платите и другите надоместоци за вработените.

(9) Платата на вработениот се пресметува во бруто износ, а се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно, најдоцна до 15-тиот ден во тековниот месец за претходниот месец.

(10)Придонесите и данокот на личен доход на вработениот ги плаќа работодавачот, со исплата на платата во согласност со закон.

(10) Работодавачот е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на вработените им се издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, за претходната година.

**Плата на вработените кои вршат помошно-технички работи**

Член 22

(1) Основната плата на вработените кои вршат помошно-технички работи се определува врз основа на барањата на работното место согласно договорот за вработување (видот, сложеноста, обемот и одговорноста за работите на работното место, стручната подготовка и стекнатите знаења и вештини).

(2) Основната плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на вработените кои вршат помошно-технички работи се утврдува така што износот на минималната плата се множи со коефициентот на сложеност на работното место на кое работникот работи според договорот за вработување.

(3) Со овој колективен договор се утврдуваат следните коефициенти на сложеност за работните места на вработените кои вршат помошно-технички работи:

**Коефициент**

1. Возач на Градоначалникот и општинската администрација (со„Б„ категорија) ...........................................................................................1.0
2. Портир – обезбедувач на објекти и опрема............................ 1.0
3. Хигиеничар........................................................................... ... 1.0
4. КВ работник за одржување на објекти и опрема....................1.0

(4) Основната плата на вработените со статус на помошно – технички лица се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Плата на вработените со статус на административни службеници и инспектори**

Член 23

(1) Платата на вработените со статус на административни службеници и инспектори се состои од основна компонента и исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на платата на вработените со статус на административни службеници и инспектори ја сочинуваат:

- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(3) Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниов начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 56 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 31 |
| Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 11 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 1 |

(4) Делот на плата за нивото на кое е распореден државниот службеник односно инспекторот се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| А4 - секретар од четврто ниво (секретар на општина) | 424 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво (раководител на сектор, главен инспектор) | 323 |
| Б3 - раководен административен службеник од трето ниво (помошник раководител на сектор, помошник главен инспектор) | 233 |
| Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво (раководител на одделение, виш инспектор) | 172 |
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво (советник, советник инспектор) | 106 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво (виш соработник, самостоен инспектор) | 71 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво (соработник, помошник инспектор) | 56 |
| В4 - стручен административен службеник од четврто ниво (помлад соработник, помлад инспектор) | 25 |
| Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво (самостоен референт) | 15 |

Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво 10
(виш референт)
Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво 5
(референт)
Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто ниво 1
(помлад референт)

(5) Исклучителната компонента на платата на вработените со статус на административни службеници и инспектори ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа, и тоа за работа изложена на висок ризик или за работа со специфични должности и работни задачи;
- додаток на плата заради прилагодување на пазарот на труд и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа во празник, работа во недела и прекувремена работа.

### Додаток на плата за работа изложена на висок ризик

Член 24

(1) Вработениот со статус на административен службеник кој при вршењето на работите е изложен на висок ризик по неговиот живот и здравје има право на додаток на плата, во зависност од видот на ризикот, во висина од 10% до 30% од износот на основната плата, согласно проценката на ризик предвидена со закон.
(2) По исклучок од ставот (1) од овој член, независно од проценката на ризик предвидена со закон, вработениот кој согласно Законот за инспекциски надзор има статус на инспектор, и вработените кој согласно Законот за комунални дејности имаат статус на комунален редар имаат право на додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите на инспектор во висина до 30% од износот на основната плата.

### Додаток на плата за работа со специфични должности и работни задачи

Член 25

(1) Вработениот со статус на административен службеник кој врши работа со специфични должности и работни задачи има право на додаток на плата, во зависност од видот на специфичните должности и работни задачи, во висина од 5% до 10% од износот на основната плата.
(2) Под работа со специфични должности и работни задачи се подразбира:
- извршување на посеопфатни работи и работни задачи во однос на работите и задачите кои вообичаено се извршуваат;
- постојана достапност на вработениот на непосредно претпоставениот раководен административен службеник, секретарот или градоначалникот;
- извршување на работни задачи во скратени рокови и постоење на потреба од итно постапување;
- извршување на работи и работни задачи поврзани со класифицирани информации, кои не се предвидени во описот на работното место;

- самостојно изготвување или учество во изготвување на стратешки документи, анализи и извештаи од сложен карактер од надлежност на Општината, кои не се предвидени во описот на работното место.

(3) Додатокот на плата за работа со специфични должности и работни задачи може да се утврдува и кумулативно, при што вкупниот додаток на плата по тој основ не може да изнесува повеќе од 10% од износот на основната плата.

(4) Барањето за остварување на правото на додаток на плата од овој член се поднесува до секретарот, на утврден образец, најдоцна до 10-тиот ден во месецот за претходниот месец.

(5) За остварената дополнителна работа непосредниот раководител на административниот службеник изготвува писмен извештај дали административниот се однесувал дисциплинирано кон даденото задолжение и истото го доставува до секретарот односно градоначалникот на општината. Доколку административниот службеник нема непосреден раководител тогаш извештајот за дополнително дадената работа го изготвува одделението за човечки ресурси и истиот го доставува до секретарот односно градоначалникот на општината.

(6) Врз основа на предлог од секретарот, градоначалникот е должен до крајот на месецот да донесе Решение со кое се утврдува износот на додатокот на плата од овој член изразен во проценти, поединечно по вработен и истото да го достави до Одделението за финансиски прашања, за исплата, во рок од триесет дена од денот на донесувањето.

(7 )Одредбите од овој член ќе се применуваат од 2023 година.

**Додаток на плата заради усогласување со пазарот на труд**

Член 26

(1) Вработените со статус на административни службеници имаат право на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот, за што градоначалникот може да побара од Советот на општина Пехчево да одобри додаток на плата.

(2) Барањето за одобрување на додатокот од ставот (1) на овој член треба да биде засновано на анализа која ќе покаже дека:

- платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значително повисоки од платите на државните службеници кои извршуваат исти работи,
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока,
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа или
- административните службеници биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации по Општината.

(3) Овој додаток за усогласување со платата се однесува за сите вработени во општинската администрација кои се вработени на неопределено или определено работно време.

(4) За вработените кои се вработени на определено работно време кои се вработени преку приватна агенција за вработување овој додаток за

усогласување со минималната плата ќе се применува почнувајќи со исплата на плата за месец јануари 2023 година.

## Додаток на плата заради усогласување со минимална плата

Член 27

(1)На вработените во општина Пехчево им се обезбедува додаток на плата заради пораст со минималната плата:

| **Додаток на плата заради усогласување со минимална плата** | **БОДОВИ** |
|---|---|
| А4 - секретар од четврто ниво (секретар на општина) | 56 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво (раководител на сектор, главен инспектор) | 56 |
| Б3 -раководен административен службеник од трето ниво (помошник раководител на сектор, помошник главен инспектор) | 56 |
| Б4-раководен административен службеник од четврто ниво (раководител на одделение, виш инспектор) | 56 |
| В1-стручен административен службеник од прво ниво (советник, советник инспектор), | 56 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво (виш соработник, самостоен инспектор), Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 56 |
| В3 -стручен административен службеник од трето ниво (соработник, помошник инспектор) Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 56 |
| В4 -стручен административен службеник од четврто ниво(помлад соработник, помлад инспектор) Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 56 |
| Г1 - самостоен референт Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 56 |
| Г1 - самостоен референт Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 56 |
| Г2 – помошно - стручен административен службеник од второ ниво (виш референт) Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 56 |
| Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво (реферéнт), Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 56 |

| | |
|---|---|
| Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто ниво (помлад референт), Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 56 |

(2) Усогласувањето на платите на административните службеници ќе започне да се пресметува од 2023 година.

## Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа во празник, работа во недела и прекувремена работа

Член 28

(1) Вработениот има право на додаток на плата за:
- ноќна работа;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон;
- работа во недела и
- работа подолга од полното работно време.

(2) Основната плата на вработениот по час се зголемува за:
- ноќна работа по 35%;
- прекувремена работа по 35%;
- работа во ден од неделен одмор 35%;
- работа во недела 50% и
- работа во три смени и работа во поделено работно време 5%.

(3) За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

(4) Додатоците меѓусебе не се исклучуваат.

(5) По исклучок, работодавачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

## Надоместување на трошоци поврзани со работата

Член 29

(1) Вработениот има право на надоместување на трошоците поврзани со работата, како и други надоместоци, согласно општите прописи за работните односи и овој колективен договор, и тоа за:

- службено патување (патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и странство);

- теренски надоместок (трошоци за работа на терен), во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и слично);
- користење на приватен автомобил за службени патувања,
- смрт на вработениот или член на неговото семејство (брачен другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување);
- штета при елементарни непогоди;
- трошок при подолго боледување на вработениот и
- регрес за годишен одмор.

(2) Дневниците за службени патувања и теренскиот надоместок, меѓусебно се исклучуваат.

(3) Вработениот има право на отпремнина при одење во пензија, како и јубилејни награди. Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и овој колективен договор.

(4) На вработен кој работи ноќна смена, работодавачот е должен да му ги надомести трошоците за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, сразмерно за деновите кога вработениот работи ноќе, како и трошоците за превоз во висина на цената на поединечниот билет утврдена со Тарифниот систем за општинскиот линиски превоз на патници во Општина Пехчево, според местото на живеење на вработениот.

Член 30

Основицата за пресметување на надоместоците на трошоците поврзани со работа претставува просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година, освен за дневниците за службени патувања во земјата и за теренскиот надоместок, кои се пресметуваат во фиксни износи, утврдени со овој колективен договор.

**Дневница за службено патување во земјата**

Член 31

(1) На вработениот за време на службено патување во земјата му се надоместуваат трошоците за дневница, трошоците за превоз и трошоците за ноќевање.

(2) Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:

- дневница во висина од 500,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
- дневница во висина од 250,00 денари ако службеното патување траело од 8 до 12 часа.

(3) Средствата за службено патување во земјата треба да се предвидат во Буџетот на Општина Пехчево.

**Дневница за службено патување во странство**

Член 32

(1) На вработениот му се надоместуват издатоците за службено патување во странство, согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, во висина на износите утврдени со Решението за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство и за селидбени трошоци што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

(2) Износот на дневницата за службено патување во странство се исплатува:

- 50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на работодавачот;
- 20% од утврдената дневница ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на работодавачот и
- 5% од утврдената дневница ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на работодавачот, а престојот е над 30 дена.

Под стручно оспособување и усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови на средби организирани во странство на мултилатерална и билатерлана основа.

(3) Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува на следниот начин:

- една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

(4) Средствата за службено патување во странство треба да се предвидат во Буџетот на општина Пехчево.

## Теренски надоместок

Член 33

(1) Вработениот кој по налог на работодавачот работи или престојува на терен има право на посебен надоместок поради зголемените трошоци за живот (теренски надоместок).

(2) За работа на терен во смисла на овој договор, се смета секоја работа која трае подолго од десет дена, а се одвива надвор од местото на седиштето на работодавачот.

(3) Износот на теренскиот надоместок изнесува дупла дневница за секој поминат ден на терен.

(4) Ако на работникот му е обезбедено бесплатно сместување, теренскиот надоместок се намалува за 50%, а доколку покрај сместувањето му е обезбедена и бесплатна исхрана, тогаш работникот нема право на посебен теренски додаток.

(5) Теренски надоместок не се исплаќа доколку местото во кое е упатен вработениот на работа е оддалечено помалку од 100 километри од местото на местото на седиштето на работодавачот.

(6) На вработените кои користат теренски надоместок не им следува надоместок за трошоците за превоз заради посета на потесното семејство.

## Надоместок за користење на приватен автомобил за службени патувања

Член 34

Вработениот кој по налог на работодавачот се упатува на службено патување со користење на сопствено возило има право на надомест во висина од 20% од цената на литар гориво што го користи возилото за секој изминат километар.

## Право на парична помош

Член 35

(1) Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од две просечни плати исплатени во последните три месеци на републичко ниво.

(2)На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство ( родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

(3)Надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Член 36

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечна нето плата исплатена кај работодавачот.

Член 37

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.

## Право на регрес за годишен одмор

Член 38

(1) Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

(2) Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година.

(3) Правото на регрес за годишниот одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач во смисла на овој колективен договор.

## Испратнина

Член 39

Вработен кој заминува во пензија, има право на испратнина во висина од две основици од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци.

**Јубилејна награда**

Член 40

(1) За непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 20, 30 и 40 години кај работодавачот.

(2) Висината на јубилејната награда изнесува:

- за 10 години – 100%,
- за 20 години – 110%,
- за 30 години – 120% и
- за 40 години – 150%

од основицата од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

(1) Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото, почнувајќи од 2023 година.

**Плата за време на годишен одмор и специјализирана обука**

Член 41

За време на користење на годишниот одмор или обука за стручно усовршување на која е упатен од страна на работодавачот, вработениот има право на плата во висина што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

**Плата за време на суспензија**

Член 42

Вработениот кој врз основа на решение е суспендиран од работодавачот, за времетраењето на суспензијата има право на плата од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија.

**Плата за време на штрајк**

Член 43

За време на штрајк вработениот има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец и придонеси од плата во цел износ.

**13-та плата**

**Член 44**

(1) Вработениот има право на 13-та плата во висина на една просечна плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци.

(2) Вработените на кои во текот на календарската година им е изречена дисциплинска мерка немаат право на 13-та плата за таа година.

(3) Исплатата на 13-та плата ќе започне од 2023 година.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку има можност, работодавачот може да им исплати 13-та плата на вработените и за 2022 година во помал износ, до 10.000,00 денари.

(5) Средствата наменети согласно овој член работодавачот ќе ги исплати доколку има можност односно доколку се предвидени средствата во Буџетот на општина Пехчево.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 45

(1) Работодавачот е должен да обезбеди редовно и навремено информирање на претставникот на синдикалната организација при Општина Пехчево членка на Синдикатот за:

- процесот на спроведување на вертикална функционална анализа кај работодавачот
- изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- општите акти и одлуки со кои се уредуваат правата и обврските на вработените и
- други прашања од заеднички интерес согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа.

(2) Информирањето се врши по писмен и електронски пат.

## VI. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ДЕЛУВАЊЕ НА СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИИ

Член 46

Работодавачот е должен да создаде услови за работа на синдикалната организација при Општина Пехчево, во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени со закон, овој или друг колективен договор.

Член 47

(1) На претставникот на синдикалната организација при Општина Пехчево му се овозможува непосредна комуникација со раководното лице на работодавачот или лице овластено од раководното лице на работодавачот.

(2) Синдикатот изготвува список на синдикални претставници на нивната синдикална организација при Општина Пехчево и на избраните и именуваните членови во органите на синдикатот и го доставуваат до раководното лице на работодавачот.

Член 48

(1) На барање на синдикатот, работодавачот доколку е во можност обезбедува и овозможува стручни, административни и технички услови за работа на синдикалната организација на синдикатот заради остварување на синдикалните функции, како:

- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило;
- телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- простор за одржување на синдикални состаноци и

- други услови неопходни за функционирање на синдикалната организација.

(2) Доколку постојат финансиски можности и кога општината од сопствени примања има паричен приход, може од приходот да издвои средства како финансиска поддршка за синдикалните потреби и активности по претходно доставено барање.

Член 49

(1) За остварување на финансиско-сметководствени работи на синдикалната организација се обезбедува пресметка и уплата на синдикална членарина по доставување на писмено известување од синдикатот за висината на членарината. Таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.

(2) Членарината од членовите на синдикалната организација се исплаќа на сметката на синдикатот во кој што е членка, кој потоа ја распределува согласно статутот и другите акти на синдикатот.

(3) Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка и уплата на личните обврски на членот на синдикатот (кредит, набавка на производи и стоки на рати преку синдикатот).

(4) Вработениот при стапување во синдикатот потпишува пристапница.

(5) Стручната служба на синдикатот, по добиената пристапница од претседателот на синдикалната организација при Општина Пехчево членка на синдикатот, го известува Одделението за финансии на работодавачот кое што е должно да ја пресметува и уплатува членарината.

(6) Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку стручните служби на синдикатот уредно и навремено достават известување и одлуката од став (1) на овој член.

(7) Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членарината на одреден вработен само со претходно писмено известување од синдикатот во кој членува вработениот.

(8)Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

(9) Работодавачот е должен еднаш месечно да достави до соодветниот синдикат список за задршка на уплатена членарина од платата на вработените кои се членови на тој синдикат.

Член 50

(1) Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање за едукација и обука, културни манифестации и спортски игри и средби кои ги организира синдикатот.

(2) Работодавачот и синдикатот можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулиран начинот на остварување на правата од ставот (1) од овој член.

Член 51

(1) Членот на синдикатот кој користел средства од солидарниот фонд или било која погодност или бенефиција од синдикатот, не може да истапи се до

моментот на конечната исплата на неповратните средствата односно се до конечната исплата на средствата доколку користел позајмица.

(2) Членот не може да истапи од синдикатот и во случаи кога користел право од колективен договор потпишан од синдикатот или право од работен однос регулирано со документ (спогодба, договор и слично), ако со тие права членот добил финансиски бенефит или подобрување на неговиот статус на работното место, како и правна помош при учество во судски спорови, дициплински постапки и други правни постапки во кои членот бил застапуван од синдикатот.

(3) Доколку членот користел права од ставовите (1) и (2) од овој член не може да истапи во период од три години од денот на поднесување на барањето за истапување.

Член 52

(1) Претседателот на синдикалната организација, неговите заменици, членовите на органите на синдикалната организација и на синдикатот и повереницте кои учествуваат во работата на синдикатот во одборите и комисиите имаат право на посебна заштита утврдена со Законот за работните односи и колективните договори.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член за време на нивниот мандат и две години од истекот на мандатот не можат да добијат отказ и без нивна согласност не може да бидат распоредени на друго работно место, за синдикална активност, освен за дисциплинска одговорност по сторен дисциплински престап или ако му престане работниот однос по сила на закон.

(3) На лицата од ставот (1) на овој член, работодавачот треба да им овозможи ефикасно вршење на функциите на синдикатот, за учество на синдикални состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски игри и други синдикални активности согласно статутот и програмата за работа на синдикатот со платено отсуство од работа за време на вршењето на посочените активности, и тоа:

- за претседателот и потпретседателот на синдикалната организација до 72 часа месечно;
- за членови на синдикални органи и тела до 56 часа месечно и
- за повереник на синдикалната организација до 32 часа месечно.

(4) По предлог на синдикатот и други членови на синдикалната организација може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго од 24 часа месечно.

(5) Членовите на синдикалната организација имаат право на платено отсуство од работа за учество на синдикални спортски игри, семинари, конференции, работилници, синдикални школи во траење од 10 работни дена годишно. Овие денови не се сметаат заедно со деновите за отсуство предвидени со членот 15 од овој колективен договор.

## VII. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ШТРАЈК

## Член 53

(1) Правото на штрајк вработениот го остварува во согласност со Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за пожарникарство, друг закон, актите на синдикатот и овој колективен договор.

(2) Штрајкот мора да биде писмено најавен кај работодавачот. Во писмото со кое се најавува штрајкот мора да бидат наведени причините за штрајкот, местото на одржување на штрајкот, времетраењето, денот и времето на почетокот на штрајкот.

(3) При остварувањето на правото на штрајк вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на Општина Пехчево и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.

(4) Штрајкот мора да биде организиран на начин со кој нема да се оневозможува, или попречува организирањето и одвивањето на работниот процес за вработените кои не учествуваат во штрајкот, забрана за влез на вработените и на одговорните лица во деловните простории на работодавачот.

(5) Раководното лице кај работодавачот заедно со претседателот на синдикатот спогодбено подготвуваат и донесуваат правила со кои се определува начинот на извршување на надлежностите, односно дејностите од јавен интерес на работодавачот за време на штрајк (кои не можат да се прекинат), бројот на вработени кои ќе ги извршуваат надлежностите за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк.

(6) Доколку раководното лице кај работодавачот и претседателот на синдикатот не се договорат во врска со наведеното од ставот (5) на овој член, тогаш како работни задачи кои не смеат да се прекинат за време на штрајк ќе се сметаат само работите кои се нужни, а со чие прекинување би се предизвикала несразмерна штета за државата, граѓаните и работодавачот, која не би можела да се надомести со ниту една дополнителна мерка или активност по завршување на штрајкот.

## Член 54

(1) За време на штрајк вработените во Општината имаат право на плата согласно членот 43 од овој колективен договор.

(2) За време на штрајк, работодавачот е должен на вработените да им исплаќа придонеси на плата во цел износ утврдени со посебните прописи и овој колективен договор кои му припаѓаат на вработениот за време на штрајк, доколку штрајкот е организиран согласно закон и правилата на синдикатот.

(3) Вработените кои учествуваат во штрајк, не смееат да бидат ставени во понеповолна положба од другите вработени, поради нивното учество во штрајк.

(4) Работодавачот во ниту еден случај и по ниту еден основ не може да го ограничи правото на штрајк, директно или индиректно да влијае на волјата на вработените, ниту пак преку други лица да презема активности за спречување на штрајкот.

(5) Доколку веќе започнатиот штрајк се прогласи за незаконски, работодавачот не смее да даде отказ на ниту еден вработен по основ на учество на штрајкот.

Член 55

(1) Пред започнување на штрајкот, синдикатот и работодавачот се должни да отпочнат постапка на мирење најдоцна 7(седум) дена пред започнување на штрајкот.

(2) Страните во постапката за мирење учествуваат со добра волја и преземаат дејствија за надминување на причините за штрајк.

(3) Постапката за мирење трае до три (3) дена.

(4) Доколку во постапката за мирење не е постигнат договор по прашањата кои се причина за штрајкот, штрајкот може да започне.

(5) Доколку во постапката за мирење се постигне договор меѓу страните, се склучува спогодба меѓу страните, со чие потпишување најавата за штрајк се повлекува.

(6) Постапката за мирење се води согласно Законот за мирно решавање на работните спорови.

Член 56

Организаторот на штрајкот за времетраењето на веќе започнат штрајк, може да преговара со раководното лице кај работодавачот за решавање на спорните прашања кои се причина за штрајк.

## VIII. ОДГОВОРНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ И РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ

Член 57

(1) Вработените во Општината се лично одговорни за вршењето на работите и работните задачи на работното место.

(2) Одговорноста на вработените од ставот (1) на овој член може да биде дисциплинска и/или материјална.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработениот.

(4) Дисциплинска и/или материјална одговорност на вработените во општината се утврдува со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, Законот за локалната самоправа, Законот за прекршоци, како и општите прописи за работни односи.

## IX. ИЗМЕНУВАЊЕ, ДОПОЛНУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР

Член 58

(1) Страните на овој колективен договор и вработените на кои се применува, се должни да ги извршуваат неговите одредби.

(2) Заради повреда на обврските од овој колективен договор, оштетената страна или вработен на кој тој се применува може да бара надомест за претрпена штета.

(3) Секоја страна потписник на овој колективен договор може да предложи измена и дополнување на овој колективен договор.
(4) Предлогот за измена и дополнување се доставува во писмена форма до другиот учесник кој е должен да се изјасни во рок од 30 дена.
(5) Во случај ако другата страна не го прифати предлогот за изменување и дополнување или не се изјасни по истиот во давениот рок од став 4 на овој член, страната предлагач може да започне постапка за усогласување пред арбитражниот совет.

Член 59

(1) За следење на примената и за изменување и дополнување на овој колективен договор страните формираат комисија за следење и измени и дополнувања.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член дава и толкувања на одредбите од овој колективен договор.
(3) Секој од учесниците на овој колективен договор именува по два члена во комисијата, во рок од 15 дена од склучувањето на овој колективен договор.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 60

(1) Овој колективен договор се склучува за период од 4(четири) години со можност за продолжување со писмена спогодба на страните на договорот.
(2) Овој колективен договор може да продолжи да важи ако страните на договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој колективен договор.
(3) Доколку не дојде до продолжување на овој колективен договор или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат до склучување на нов или негово продолжување.

Член 61

(1) Овој колективен договор и сите негови измени и дополнувања, како и откажувања на истиот, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и преку електронските гласила на договорните страни.
(2) Овој колективен договор стапува во сила со денот на склучувањето.
(3) Објавениот текст на колективниот договор се публикува во соодветен број на примероци кои се доставуваат на вработените.
(4) Работодавачот односно синдикатот има обврска на секој вработен да му овозможат увид на овој колективен договор.
(5) Овој колективен договор се евидентира кај договорните страни кои се негови потписници.

**Општина Пехчево**
Градоначалник,
Александар Китански

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи, здруженија на граѓани на Синдикатот на УПОЗ
(Синдикат на УПОЗ)
Претседател,
Трпе Деаноски
------------------------

Синдикална организација
при Општина Пехчево
Претседател,
Светлана Стамболиска
------------------------

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2023 год___ 3;
2. Одлука за давање согласност на одлуката од УО на ЈКП Комуналец за усогласување на платата на вработените, согласно закон за минимална плата ___________________________ 4;
3. Одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година _____________________________________________ 8;
4. Одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2023-2026 година _________________________ 24;
5. Одлука за давање на користење движни ствари противпожарна опрема на доброволно противпожарно друштво Пехчево ________________________________________________ 36;
6. Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево _____________________________________________________________________ 38;
7. Одлука за именување на член на надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево _______ 40;
8. Одлука за давање на мислење за реализација на годишната програма за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2022/2023 година ___________________ 41;
9. Одлука за разрешување и именување на член на училишен одбор во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево _____________________________________________________________________ 51;
10. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево ____________________________________________________________________ 52;
11. Одлука за усвојување на годишна програма за финансирање на проекти од областа на културата на општина Пехчево за 2023 година ___________________________________ 53;
12. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година __ 61;
13. Одлука за одобрување на приоритетен објект по Проектот ,,Уредување на речно корито на Пехчевска река,, во Пехчево _______________________________________________ 63;
14. Колективен договор - општина Пехчево ________________________________________64;